5. I. 1990

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 28 декември 1989
Скопје
Број 46 Год. XLV

Претплатата за 1989 година изнесува 700.000 динари. Овој број чини 60.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**800.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Се прогласува Законот за експропријација, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4358
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува експропријацијата, ограничувањето на правото на сопственост врз недвижностите, одземањето и ограничувањето на правата на недвижностите во општествена сопственост, како и основите и мерилата за правичниот надоместок.

Член 2

Недвижност на која постои право на сопственост може да се експроприра кога тоа е потребно заради изградба на стопански, станбени, комунални, туристички, здравствени, образовни, културни и спортски објекти, објекти за општонародна одбрана и општествена самозаштита и други објекти од општ интерес.

Недвижност може да се експроприра и кога тоа е потребно заради изведување на други работи од општ интерес како што се: пошумување, експлоатација на минерални суровини, асанација, мелиорација на земјиште и други работи од општ интерес.

Недвижност може да се експроприра и со цел:

— за преуредување (адаптација) на објекти за потребите на Југословенската народна армија или кога е тоа од посебно значење за одбраната на земјата и државната безбедност; и

— за заштита, обнова, конзервација или реставрација на објект прогласен за споменик на културата или заради задоволување на културните и други потреби.

Недвижност не може да се експроприра за земјоделска обработка.

Член 3

Со експропријацијата недвижноста поминува во општествена сопственост.

Експропријацијата на земјиштето ги опфаќа и градежните објекти што се наоѓаат на тоа земјиште.

Член 4

Правото на сопственост на недвижност се ограничува со воспоставување на службеност, закуп, привремено заземање на земјиште и со подготвителни работи на земјиштето.

Член 5

Службеност се воспоставува на земјиште и објекти со цел за поставување на водоводни, канализациони, електрични водови и изведување на други работи.

Член 6

Закуп се воспоставува на земјиште заради истражување на природни богатства, експлоатација на камен, песок, глина и слично.

Закупот се воспоставува за определено време, но не подолго од три години, сметано од денот на предавањето во владение на земјиштето.

Ако со закупот се уништи бонитетот на земјиштето така што тоа не може да се користи на начинот на кој се користело пред воспоставувањето на закупот, сопственикот може да бара експропријација на тоа земјиште во рок од една година од денот на престанувањето на закупот.

Член 7

Привремено се зазема земјиште што треба да послужи за определени потреби во врска со изградбата на објектот или за изведување на други работи (привремено да се смести механизација што е потребна за изградба или за работа на објектот, подигање објекти за привремено сместување на работниците кои работат на објектот и слично).

Привременото заземање ќе се укине штом ќе престане потребата поради која е определено, а најдоцна до завршувањето на работата на главниот објект.

Член 8

На земјиштето може да се дозволи изведување на подготвителни работи (премерување или испитување) заради изготвување на експропријациониот или инвестициониот елаборат.

Жалбата против решението со кое се дозволува изведување на подготвителни работи на земјиштето од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 9

Недвижност може да се експроприра кога на начин определен со овој закон е утврден општ интерес за изградба на објекти, односно за изведување на други работи.

Член 10

Експропријацијата на недвижноста се врши во корист и за потребите на општествено-политичките заедници, месните заедници, организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации и на други самоуправни организации и заедници (корисници на експропријацијата).

Во градовите и населбите од градски карактер и во другите подрачја предвидени за станбена и за друга комплексна изградба, експропријацијата може да се врши само во корист на општината.

Член 11

Недвижност се експроприра кога корисникот на експропријацијата има обезбедено парични средства потребни за плаќање надоместок на експропријараната недвижност или ако има обезбедено соодветна недвижност.

Паричните средства од став 1 на овој член корисникот на експропријацијата е должен, пред поднесувањето на предлогот за експропријација, да ги депонира на посебна сметка кај службата на општественото книговодство или да обезбеди гаранција од банка, а општествено-политичката заедница кога се јавува како корисник на експропријација да обезбеди гаранција од собранието.

Член 12

Кога при експропријацијата на еден дел од недвижноста се утврди дека сопственикот нема стопански интерес да го користи преостанатиот дел од недвижноста, односно кога поради тоа на преостанатиот дел се оневозможени или се битно влошени условите за живот и работа, по негово барање ќе се експроприра и тој дел.

Како преостанат дел во смисла на став 1 од овој член, се смета преостанатиот дел од парцелата што не се експроприра и преостанатиот дел од целокупниот недвижен имот на сопственикот што не се експроприра (земјишта и објекти што се наоѓаат на нив) или само дел од него.

Барањето за експропријација за преостанатиот дел од недвижноста се поднесува во рок од три години од завршувањето на изградбата на објектот, односно од завршувањето на работите.

Кога барањето за експропријација на преостанатиот дел на недвижноста е поднесено до донесувањето на првостепеното решение по барањето се одлучува истовремено со предлогот за експропријација, а ако барањето е поднесено по донесувањето на првостепеното решение се одлучува во одвоена постапка.

Член 13

За експроприраната недвижност на сопственикот му припаѓа правичен надоместок.

Со определениот правичен надоместок не може битно да се влошат условите за живот и работа што сопственикот ги имал со користењето на експроприраната недвижност.

Член 14

Кога е потребно, заради изградба на објекти или изведување на други работи определени со член 1 на овој закон, правата во поглед на користењето, управувањето и располагањето со недвижностите во општествена сопственост, може да се одземат или ограничат на начин и според постапка предвидена со овој закон.

## II. УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИОТ ИНТЕРЕС

Член 15

Општиот интерес за изградба на објекти или за изведување на други работи на подрачјето за кое е донесен детален урбанистички план, урбанистички проект или урбанистички план за помало населено место, односно општ акт на општината со кој се регулира режимот и условите за градење во населените места кои содржат парцелација на земјиштето, се смета утврден со тие планови, односно општ акт.

Кога се експроприра зграда изградена на земјиште во општествена сопственост за кое не е донесен план, односно акт од став 1 на овој член, општиот интерес за изградба на јавни, општествени и индустриски објекти или изведување на други работи се смета за утврден со просторниот или основниот урбанистички план, урбанистички план за помало населено место, односно општ акт на општината со кој се регулира режимот и условите за градење во населените места, кои не содржат парцелација на земјиштето

Член 16

Кога актот за изградба на објектот и за изведување на други работи на определено земјиште го донело Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија или собранието на општината, се смета дека општиот интерес е утврден со тој акт.

Општиот интерес може да се утврди и со посебен акт на органите од став 1 на овој член.

Против актот за утврдување на општиот интерес од став 1 на овој член не може да се поведе управен спор.

Член 17

Општиот интерес за истражување на минерални суровини се утврдува со дозволата за истражување издадена од надлежен орган според прописите за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

## III. ПОСТАПКА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Член 18

Предлог за експропријација поднесува корисникот на експропријацијата до општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи на чие подрачје се наоѓа недвижноста што треба да се експроприра.

Член 19

Во предлогот за експропријација се назначува:

1) предлагачот на експропријацијата;

2) недвижноста за која се предлага експропријацијата и местото каде што се наоѓа таа недвижност;

3) сопственикот на недвижноста за која се предлага експропријацијата и неговото живеалиште или седиште; и

4) целта заради која се предлага експропријацијата.

Член 20

Кон предлогот за експропријација се поднесува:

1) извод од планот, односно од актот со кој е утврден општиот интерес;

2) доказ за обезбедени средства или соодветна недвижност; и

3) нумерички податоци за недвижноста што треба да се експроприра изготвени според постапката и начинот пропишани со прописите за геодетските работи (експропријационен елаборат).

Член 21

Предлогот за експропријација, општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи, го доставува на сопственикот на недвижноста и на општинскиот орган на управата надлежен за геодетски работи.

По доставување на предлогот за експропријација, односно со прибележување во катастарот на недвижностите, сопственикот не може да врши отуѓување на недвижноста за која е предложена експропријација.

Член 22

Решението со кое се уважува предлогот за експропријација, меѓу другото, треба да содржи податоци за:

1) корисникот на експропријацијата;

2) недвижноста што се експроприра, со наведување на податоци од катастарот на недвижностите;

3) сопственикот на недвижноста и неговото живеалиште, односно седиште; и

4) целта на експропријацијата, како и актот врз основа на кој е утврден општиот интерес.

Член 23

Против решението на општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи може да се изјави жалба до републичкиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи.

Член 24

Корисникот на експропријацијата се стекнува со право на владение на експроприраната недвижност со денот на правосилноста на решението за експропријација.

По исклучок од став 1 на овој член, а по барање на корисникот на експропријацијата, ако тоа го бара итноста на случајот или да се отстрани позначителна штета, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија може да одлучи недвижноста да му се предаде во владение на корисникот на експропријацијата пред правосилноста на решението за експропријација.

Кога корисникот на експропријацијата влегол во владение пред правосилноста на решението за експропријација, а предлогот за експропријација во натамошната постапка е правосилно одбиен, корисникот на експропријацијата е должен да ја врати недвижноста и да ја надомести штетата што му ја сторил на сопственикот.

Член 25

Општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи не може на корисникот на експропријацијата да му ја предаде во владение експропријаната недвижност пред да ја утврди вредноста или пред да обезбеди докази врз основа на кои може да се утврди вредноста.

Член 26

Корисникот на експропријацијата може до правосилноста на решението за експропријација да се откаже од предлогот за експропријација.

Правосилното решение за експропријација ќе се поништи ако корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик заеднички го бараат тоа.

По барање на поранешниот сопственик на експропријаната недвижност ќе се поништи правосилното решение за експропријација во целост или делумно ако во рок од три години по правосилноста на решението корисникот на експропријацијата не изврши позначителни работи во врска со објектот, односно работата за чија цел е експроприрана недвижноста, притоа имајќи ја предвид природата, големината и вредноста на тој објект.

Барањето од став 3 на овој член може да се поднесе во рок од 10 години од денот на правосилноста на решението за експропријација кога недвижноста била одземена од владение од поранешниот сопственик.

Кога експропријаната недвижност не била одземена од владение од поранешниот сопственик, барањето може да се поднесе и по истекот на 10 години од неговата правосилност.

Кога по правосилноста на решението за експропријација експропријаното земјиште влегло во границите на земјиште определено како градежно, при поништувањето на правосилното решение за експропријација на поранешниот сопственик не му се враќа сопственоста на земјиштето. Тој стекнува право и обврска како поранешен сопственик на определено градежно земјиште.

По барањето за поништување на решението за експропријација и по откажувањето од предлогот за експропријација решава општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи, а имотните односи меѓу корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик на недвижноста ќе се решаваат во случај на спор пред надлежниот суд.

## IV. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВИЧНИОТ НАДОМЕСТОК

### 1. Основи и мерила за определување на правичниот надоместок

Член 27

Надоместокот за експропријаното земјиште се определува според пазарната цена на земјоделското земјиште што се купува и продава заради земјоделска обработка.

Кога во катастарската општина во која се наоѓа експропријаното земјиште не се формира пазарна цена, се зема пазарната цена на земјиштето во соседните катастарски општини, а ако и во нив таа не е формирана, надоместокот се определува според квалитетот на земјиштето и корисга што од него ја имал поранешниот сопственик.

Кога на висината на пазарната цена влијаат вложувањата на општествени средства (земјоделското земјиште се наоѓа во населба, туристичко подрачје, односно во подрачје на сообраќајници, вештачки езера, мелиорации и други слични објекти), надоместокот ќе се намали сразмерно на влијанијата на тие околности, според прописите за заштита и користење на земјоделско земјиште.

Поранешниот сопственик на експропријаното земјоделско земјиште има право на надоместок и на вредноста на вложените неамортизирани инвестиции што се од значење за зачувување и подобрување на земјоделското земјиште.

Член 28

Надоместокот за шумско земјиште се определува според пазарната цена на земјоделското земјиште од соодветната катастарска класа.

Член 29

Висината на надоместокот за одземање од владение на определеното градежно земјиште што се наоѓа во градовите, населбите од градски карактер и во други подрачја предвидени за станбена и друга комплексна изградба се определува според пазарната цена на најблиското земјоделско земјиште.

Член 30

На поранешниот сопственик му припаѓа надоместок и за насадите на земјиштето од членовите 27, 28 и 29 на овој закон.

Член 31

Надоместокот за овошните дрвја и виновата лоза, кои се на род, се определува во висина на чистиот приход за онолку години колку што е потребно од подигнувањето на насадот до неговото доаѓање на род.

Покрај надоместокот од став 1 на овој член, се определува и надоместок за дрвната маса на овошните насади, ако поранешниот сопственик не ги исекол и не ги задржал за себе.

Член 32

Надоместок за зрели шумски дрвја се определува според вредноста на дрвјата на корен.

Член 33

Надоместокот за овошни насади и винова лоза што не се на род, како и за млади шуми се определува според вредноста на садниот материјал и вложените трошоци за подигнување на садниците.

За земјиштето на кое биле подигнати овошните насади и виновата лоза од став 1 на овој член, се определува надоместок за изгубената добивка од некористење на земјиштето за земјоделско производство.

Член 34

Надоместокот за експропријаран градежен објект се определува според градежната вредност на објектот во местото каде што се наоѓа.

Градежната вредност ги опфаќа особено: вредноста на материјалот, вредноста на работната рака потребна за изградба на објектот, трошоците за транспорт на материјалот, вложените средства за уредување на градежното земјиште, трошоците за изготвување на техничката документација и трошоците за надзор и организација на изградбата.

Кога се експропријира станбена зграда или стан како посебен дел од зграда во која живее поранешниот сопственик, а тој изјавил дека сака станбеното прашање да го реши со изградба на семејна станбена зграда или со купување на стан, ќе му се определи надоместок во висина на разликата меѓу вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште на кое се наоѓа експропријаната станбена зграда, односно стан и трошоците за уредување на градежното земјиште на кое ќе ја гради зградата, односно вредноста на уредувањето на градежното земјиште што влегува во цената на станот што сака да го купи.

Кога поранешниот сопственик сака да гради станбена зграда или да купи стан како посебен дел од зграда со поголема површина од онаа што му се експропријира, разликата на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе ја дополни во пари поранешниот сопственик.

Градежната вредност на објектот се намалува зависно од векот на траењето, староста и степенот на одржувањето на објектот.

Член 35

Кога заради изградба на објект или изведување на друга работа треба да се урне објект или дел од објект изграден по 15 февруари 1968 година без одобрение од надлежен орган, имателот нема право на надоместок или други права. Тој е должен да го урне објектот и да го однесе материјалот во рокот што ќе му го определи општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правни работи.

Член 36

Кога е намалена вредноста на недвижноста со воспоставената службеност, надоместокот се определува во висина на намалената вредност.

Сопственикот има право и на надоместок на штета ако со воспоставување на службеноста таква и е нанесена на недвижноста.

Член 37

За воспоставувањето на закуп на земјиштето сопственикот има право на надоместок во висина на закупнината што се остварува на најблиските слични земјишта.

Надоместокот може да се определи во форма на еднократен износ за сето време на траењето на закупот или во повремени давања што се плаќаат во еднакви временски периоди.

Надоместокот се плаќа од денот кога корисникот на закупот влегол во владение на земјиштето.

Кога со воспоставувањето на закуп се нанесува штета на земјиштето, надоместокот го опфаќа и износот на штетата.

Член 38

Надоместокот за привремено заземање на земјиште и за вршење на подготвителни работи на земјиштето се определува на начин како и за закупот.

Член 39

Поранешниот сопственик на експропријраното земјиште може да ги пожнее посевите од тоа земјиште и да ги собере плодовите.

Општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи може на корисникот на експропријацијата, во итни случаи и по негово барање, да му дозволи на експропријраното земјиште да започне да извршува работи пред да стасаат посевите или плодовите за жетва, односно берба.

Кога поранешниот сопственик не бил во можност да ги пожнее посевите или да ги собере плодовите поради тоа што на корисникот на експропријацијата му е дозволено да ги започне, работите на експропријраното земјиште пред жнеењето на посевите или собирањето на плодовите, поранешниот сопственик има право на надоместок за посевите или плодовите, по одбивањето на потребните трошоци што би ги имал до жетвата или бербата.

Член 40

Висината на надоместокот се определува по избор на поранешниот сопственик според цените и околностите што важеле во моментот на покренувањето на предлогот за експропријација или во моментот на склучување на спогодбата, односно донесувањето на првостепената одлука за надоместокот.

Кога надоместокот е определен со одлука на судот, а правосилноста на одлуката е одолжена повеќе од еден месец, на поранешниот сопственик ќе му се признае разликата во цената од денот на донесувањето на првостепената одлука до денот на правосилноста на одлуката според податоците за движењето на цените на мало.

Член 41

Поранешниот сопственик на експропријраната недвижност нема право на надоместок за вложувањата што ги извршил по денот кога му е доставен предлогот за експропријација на недвижноста.

Член 42

Кога експропријраните недвижности од разни видови се во сопственост на ист сопственик, при определувањето на надоместокот за таквите недвижности посебно се искажува надоместокот за одделни видови за тие недвижности (земјиште, објекти, уреди) а посебно надоместокот за насадите и за посевите.

Член 43

Надоместокот за експропријраната недвижност се определува, по правило, во пари.

Корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик можат да се спогодат надоместокот да се состои, во целост или делумно, во давање на друга недвижност на која може да постои право на сопственост или во некој друг вид.

Во постапката за определување на надоместок за експропријраната недвижност што се води пред судот, по предлог на една од странките судот може да го определи надоместокот во целост или делумно со давање во сопственост друга недвижност; ако корисникот на експропријацијата има таква недвижност и ако на таквата недвижност може да постои право на сопственост.

Член 44

Кога во експропријраната станбена зграда или стан како посебен дел од зграда живее носител на станарско право, корисникот на експропријацијата е должен да му обезбеди на користење друг соодветен стан, доколку тие не се спогодат поинаку.

Кога во експропријраната станбена зграда или стан како посебен дел од зграда живее поранешниот сопственик, доколку тој и корисникот на експропријацијата не се спогодат поинаку, корисникот на експропријацијата е должен:

1. На поранешниот сопственик да му понуди во замена друга соодветна зграда, односно стан, а евентуалната разлика во вредноста меѓу експропријраната и понудената недвижност во корист на експропријраната недвижност, ќе ја дополни во пари корисникот на експропријацијата.

Кога разликата е во корист на понудената станбена зграда, односно стан, неа ќе ја дополни во пари поранешниот сопственик, а ако тој нема сопствени средства за тоа, корисникот на експропријацијата е должен на поранешниот сопственик да му обезбеди користење на кредит; и

2. На поранешниот сопственик да му понуди стекнување на соодветен дел во сопственост на понудената станбена зграда, односно стан во висина на вредноста на надоместокот за експропријраната станбена зграда, односно стан во согласност со закон.

По исклучок од став 2 на овој член, а по барање на поранешниот сопственик, корисникот на експропријација е должен да му обезбеди станарско право на друг соодветен стан во општествена сопственост со тоа што надоместокот за делот од експропријраната недвижност во кој тој живее ќе му се намали за 30%.

Член 45

Соодветноста на експропријраната и понудената станбена зграда, односно стан од член 44 ставови 1 и 3 на овој закон, во случај на спор, а по барање на корисникот на експропријација по правосилноста на решението за експропријација, односно решението со кое се дозволува предвремено влегување во владение на експропријраната недвижност, се цени според прописите за станбени односи. Врз основа на решението за соодветност на експропријраната и понудената станбена зграда, односно стан се врши иселување од експропријраната станбена зграда, односно стан на носителот на станарското право, односно поранешниот сопственик.

Во случаите од член 44 став 2 на овој закон иселување на поранешниот сопственик од експропријраната станбена зграда, односно стан се врши по правосилноста на одлуката за надоместок доколку корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик не се спогодат поинаку, (привремено сместување и слично).

Член 46

Кога во експроприраната деловна зграда или деловна просторија поранешниот сопственик врши дејност со самостоен личен труд со средства во сопственост на граѓаните, корисникот на експропријацијата, доколку не може да му даде во замена друга соодветна деловна зграда или деловна просторија, е должен, пред уривањето на објектот, да му обезбеди користење на друга деловна зграда или деловна просторија што по површина ќе одговара за вршење на неговата дејност имајќи ја предвид и нејзината локација.

Во случај на спор за тоа дали обезбедената деловна зграда, односно деловна просторија по површина и локација одговара за вршење на дејноста на поранешниот сопственик, решение донесува општинскиот орган на управата надлежен за работите на стопанството.

Врз основа на решението од став 2 на овој член се врши иселување на поранешниот сопственик од експроприраната деловна зграда, односно деловна просторија.

**2. Постапка за определување на надоместокот**

Член 47

Кога корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик во текот на постапката не се спогодиле за надоместокот по правосилноста на решението за експропријација, општинскиот орган на управата надлежен за имотно-правните работи е должен, без одлагање, да одржи усна расправа за спогодбено определување на надоместокот за експроприраната недвижност.

Корисникот на експропријацијата е должен на органот од став 1 на овој член да му поднесе писмена понуда за висината на надоместокот во рок до 15 дена од денот на правосилноста на решението за експропријација.

Органот од став 1 на овој член, без одлагање, му доставува на поранешниот сопственик на експроприраната недвижност примерок од понудата.

Член 48

Со спогодбата за надоместок на експроприраната недвижност мораат да бидат определени особено видот и висината на надоместокот и рокот во кој корисникот на експропријацијата е должен да ја исполни обврската во поглед на надоместокот.

Спогодбата за надоместокот се внесува во записникот, кој мора да ги содржи сите податоци неопходни за исполнување на обврските на корисникот на експропријацијата и поранешниот сопственик.

Спогодбата за надоместокот е склучена кога двете странки ќе го потпишат записникот во кој е внесена спогодбата.

Спогодбата за надоместокот има сила на извршен наслов.

Член 49

Корисникот на експропријацијата е должен во рок од 15 дена од денот на определувањето на надоместокот да му го исплати надоместокот на поранешниот сопственик за експроприраната недвижност.

Кога корисникот на експропријацијата во рокот од став 1 на овој член не му го исплати надоместокот на поранешниот сопственик на експроприраната недвижност, должен е на тој износ, односно на делот од неисплатениот износ да му плати камата според прописите за облигационите односи.

Член 50

Поранешниот сопственик има право и на надоместок за изгубената корист што би ја остварил со користењето на недвижноста од предавањето на недвижноста во владение на корисникот на експропријацијата до давањето во замена на друга недвижност, односно исплата на надоместокот.

Член 51

Кога со експропријацијата згаснала хипотеката, правото на плодоуживање или некое друго стварно право што постоело пред експропријацијата на експроприраната недвижност, корисникот на експропријацијата е должен износот на надоместокот да го положи кај банката на посебна сметка.

Во случајот од став 1 на овој член банката ќе му го исплати надоместокот на поранешниот сопственик на експроприраната недвижност, односно побарувањето на носителот на стварното право, само врз основа на нивна писмена спогодба заверена од надлежниот орган или врз основа на судска одлука.

## V. ОДЗЕМАЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 52

Правата на општествените правни лица во поглед на недвижностите и другите права во општествена сопственост може со решение на општинскиот орган на управата надлежен за имотно правните работи да се одземат или ограничат кога тоа го налагаат врз основа на закон утврдените потреби за планско уредување на просторот или за изградба на објекти од општествено значење или друг со закон определен општ интерес.

Член 53

За одземените права во поглед на земјиштето или друго природно богатство општественото правно лице има право на надоместок само за трудот и за средствата вложени во тоа земјиште или во друго природно богатство.

Кога земјиштето или другото природно богатство се услови за работа, општественото правно лице има право на надоместок со кој се обезбедува да не му се влошат условите за работа.

Член 54

За одземените права во поглед на зградите и другите градежни објекти, општественото правно лице има право на надоместок и тоа:

— во висина на вредноста на објектот кога тој претставува услов за работа или материјална основа на општественото правно лице;

— во висина на вложените средства за инвестиционо одржување, кога објектот е прибавен врз основа на акт на државен орган, а не претставува услов за работа ниту материјална основа на општественото правно лице; и

— во висина на градежната вредност утврдена во член 34 на овој закон, кога објектот е прибавен со надоместок, со купување или со финансирање на изградбата, а не претставува услов за работа ниту материјална основа на општественото правно лице.

Член 55

На земјиштето во општествена сопственост можат да се воспоставаат службености, со цел за поставување на водоводни, канализациони, електрични водови и изведување на други работи.

Член 56

Земјиштето во општествена сопственост може да се заземе привремено кога е тоа потребно и целесообразно заради изградба на објекти од општ интерес, како и за уредување на тоа земјиште за таква изградба.

Член 57

Одредбите на овој закон за експропријација на недвижностите соодветно се применуваат и на одземањето и ограничувањето на правата на недвижностите во општествена сопственост, доколку со одредбите од член 52 до 54 на овој закон не е поинаку определено.

## VI. ПОСЕБНА ОДРЕДБА

Член 58

Одредбите на овој закон соодветно се применуваат и на недвижностите на кои право на сопственост имаат странски лица, доколку со меѓународен договор не е поинаку определено.

### VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Постапката за експропријација по предлозите за експропријација поднесено до влегувањето во сила на овој закон ќе продолжи според Законот за експропријација („Службен весник на СРМ“ број 47/73 и 22/76).

Член 60

Постапката за определување на надоместокот по предметите по кои не е донесена правосилна одлука за надоместокот ќе се спроведе и надоместокот ќе се определи според одредбите на овој закон.

Член 61

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за експропријација („Службен весник на СРМ“ број 47/73 и 22/76).

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**801.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СРМ

Се прогласува Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на СРМ, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4378
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Прв дел

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон, во согласност со Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија се уредува системот на општественото планирање, се утврдуваат видовите и содржината на плановите и се уредува содржината и постапката за подготвување, донесување и остварување на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија.

Член 2

Собранието на СР Македонија, во согласност со Одлуката на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за подготвување и донесување на плановите, донесува одлука за подготвување и донесување на плановите во Републиката.

Со одлуката се утврдуваат: периодот за кој се донесуваат плановите; роковите во кои субјектите на планирањето мораат да подготват анализи на условите и можностите на развојот, нацрт и предлог на плановите и рокот во кој Извршниот совет на Собранието на СР Македонија е должен да го достави до Собранието на СР Македонија предлогот на насоките за подготвување на плановите.

Член 3

Републичкиот орган на управата надлежен за работите на општественото планирање, подготвува анализа на развојот во изминатиот период и на условите и можностите за развој на СР Македонија во наредниот среднорочен период.

Анализата од став 1 на овој член се заснова врз претходно организирани научни истражувања.

Врз основа на анализата од став 1 на овој член се оценуваат развојните можности на СР Македонија и се утврдуваат стручните основи за изработка на насоките за подготвување на плановите за среднорочниот период.

Член 4

Собранието на СР Македонија, на предлог на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, во согласност со насоките што ги утврдува Собранието на СФРЈ, донесува насоки за подготвување на плановите за среднорочниот период.

Насоките од став 1 на овој член ги содржат особено интересите, целите и критериумите на општествено-економскиот развој на Републиката, правците на материјалниот и општествениот развој, промените во структурата на производството, развојот на економските односи со странство и вклучувањето во меѓународната поделба на трудот, правците на економската политика, материјалните рамки на развојот и основните макроекономски пропорции, развојот на науката и технологијата; развојот на инфраструктурните дејности, развојот на општествените дејности; демографскиот развој и планирањето на семејството; развојот на кадрите; вработеноста и вработувањето; социјалниот развој; регионалниот развој и побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта; уредувањето на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина; развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Член 5

Органите на Републиката, општините и градската заедница (во натамошниот текст: општествено-политичките заедници), се одговорни за навременото предлагање, донесување и извршување на мерките и прописите што ги донесуваат заради остварување на општествените планови.

Член 6

За обезбедување основно методолошко единство во процесот на планирањето и содржинска усогласеност на соодветните елементи на плановите, субјектите на планирањето ги применуваат задолжителните елементи од единствената методологија на општественото планирање кои ги пропишува Сојузниот извршен совет.

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија може да пропише и дополнителни задолжителни елементи на единствената методологија на општественото планирање.

### II. ПЛАНИРАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ВО ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

Член 7

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници самостојно одлучуваат за донесувањето на актите на планирање и со самоуправен општ акт ги уредуваат периодите за кои ги донесуваат и постапката за нивно подготвување, донесување и остварување.

Член 8

Самоуправните интересни заедници или другите облици на самоуправно организирање во областа на

образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и пензиското и инвалидско осигурување донесуваат планови за среднорочен период во согласност со општествените планови на општествено-политичките заедници.

## III. ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 9

Републиката донесува општествен план за долгорочен и среднорочен период.

Општините и градската заедница донесуваат општествени планови за среднорочен период, а може да донесуваат општествени планови и за долгорочен период.

Две или повеќе општини можат да донесуваат и заеднички планови за среднорочен, односно за долгорочен период

Член 10

Со општествените планови за среднорочен период се утврдуваат и материјалните и другите претпоставки и услови за етапна реализација на просторните и урбанистичките планови.

Член 11

Со општествениот план на општината за среднорочен период во согласност со заедничките интереси, се утврдуваат целите и задачите што се однесуваат особено на: развојот на комуналната дејност, станбената изградба, малото стопанство и на селото; развојот на општествените и другите дејности со кои се задоволуваат личните и заедничките потреби на работните луѓе и граѓаните во општината, политиката на развојот на населението и на планирањето на семејството, просторното и урбанистичкото уредување и искористувањето на земјиштето и на добрата во општа употреба; заштитата и унапредувањето на животната средина; општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Член 12

Општествениот план на градската заедница за среднорочен период ги содржи особено: општествено-економскиот развој, условите и политиката на развојот на комуналната инфраструктура и станбената изградба, развојот на општествените дејности, развојот на населението и планирањето на семејството, просторното и урбанистичкото уредување и користење на земјиштето, заштитата и унапредувањето на животната средина, развојот на општонародната одбрана и општествената самозашита.

Член 13

Мерките на економската политика и другите мерки што општините и градската заедница ги утврдуваат во своите планови не може да бидат во спротивност со усогласените елементи на развојната и економската политика утврдени со општествениот план на Социјалистичка Република Македонија.

Член 14

Нацртите на општествените планови на општествено-политичките заедници ги подготвуваат нивните извршни совети, а ги утврдуваат собранијата на општествено-политичките заедници.

По утврдувањето на нацртот на општествениот план, извршниот совет од став 1 на овој член го подготвува предлогот на општествениот план и го доставува до собранието на усвојување.

Член 15

Извршните органи на општествено-политичките заедници, тргнувајќи од условите и можностите за развој, во согласност со развојната и економската политика утврдена со општествениот план за среднорочен период, донесуваат програма за мерки на економската политика за остварување на својот општествен план за среднорочен период во наредната година.

Со програмата на мерки на економската политика се утврдуваат актите и мерките што извршните органи на општествено-политичките заедници ќе ги донесат во рамките на своите надлежности што ќе му ги предложат на собранието заради обезбедување услови за остварување на општествениот план во наредната година.

Извршните органи на општествено-политичките заедници програмата од став 1 на овој член заради запознавање, ја доставуваат до собранијата на општествено-политичките заедници.

Член 16

Извршните органи на општествено-политичките заедници редовно го следат и оценуваат остварувањето на општествениот план за среднорочен период и најмалку двапати годишно поднесуваат до собранијата на општествено-политичките заедници извештај за остварувањето на својот план и за остварување на програмата на мерки на економската политика.

Кога суштествено ќе се изменат условите и можностите за развој, собранијата на општествено-политичките заедници на предлог на извршните органи донесуваат одлука за изменување и дополнување на општествениот план или за донесување нов општествен план за среднорочниот, односно за долгорочниот период.

## Втор дел

## ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 17

Со Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за долгорочен период се утврдуваат особено: целите и критериумите за долгорочниот општествено-економски развој; правците на структурните промени во стопанството; правците на научниот и технолошкиот развој; правците на развојот на инфраструктурните дејности, развојот на општествените дејности; правците на развојот на економските односи со странство; основите на политиката на демографскиот развој и популационата политика; политиката на вработеноста и на вработувањето, политиката на социјалниот развој; политиката на регионалниот развој и побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта; правците на заштитата и унапредувањето на животната средина и на уредувањето на просторот; развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Општествениот план за долгорочен период ги содржи и: општите материјални рамки и макроекономските пропорции; проекцијата на развојот на стопанството и општеството; долгорочната проекција на населението и популационата политика.

Член 18

Со Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за среднорочен период во согласност со заедничките интереси се утврдуваат целите, задачите и критериумите на општествено-економскиот развој, развојната и економска политика кои се однесуваат особено на: поттикнувањето на зголемувањето на производството и извозот; зголемувањето на продуктивноста на трудот и унапредувањето на науката и технологијата; условите за рационално користење на природните ресурси; развојот на економските односи со странство и вклучувањето во меѓународната поделба на трудот; политиката на развојот на населението и на планирањето на семејството, вработеноста и вработувањето, условите за хармоничен и стабилен социјален развој и за постојано подобрување на условите за живот и работа на работните луѓе и граѓаните; развојот на инфраструктурните дејности; развојот на општествените дејности, насочувањето и усогласувањето на регионалниот развој и политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, просторниот развој, заштитата и унапредувањето на животната средина, општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Член 19

Основните макроекономски пропорции содржани во првиот дел на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за среднорочниот период се однесуваат на обврската за издвојување средства на Републиката, за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, за финансирање на општонародната одбрана и општествената самозаштита и за интервенции во стопанството.

Макроекономските пропорции содржани во вториот дел на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија имаат индикативен карактер и се однесуваат особено на: формирање на општествениот производ и добивката, односно доходот и нивната распределба на акумулација и потрошувачка; учество на средствата за задоволување на општите општествени и на заедничките потреби во националниот доход; проекцијата на населението, кадрите и вработувањето, обемот и структурата на инвестициите, а содржи и други индикатори кои даваат аналитичка и проекциона основа на планот.

Член 20

Со Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија се утврдуваат и економските и другите мерки, односно насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и на други мерки што во согласност со своите права и должности ги донесуваат органите на Републиката заради обезбедување услови за остварување на тој план и на општествениот план на Југославија.

Член 21

Кога не се остваруваат целите и задачите на стопанскиот и општествениот развој и другите елементи од првиот дел на општествениот план на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе донесе, односно ќе му предложи на Собранието на СР Македонија мерки за нивно остварување.

Член 22

Одредбите на членовите од 2 до 5 и на членовите од 9 до 16 од овој закон се применуваат и на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија ако со одредбите на членовите од 17 до 21 од овој закон не е поинаку определено.

**Трет дел**

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Субјектите на планирањето се должни до 31 март 1990 година да ги усогласат општите акти со одредбите на овој закон.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за системот на општественото планирање и за Општествениот план на СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 10/79, 42/80 и 29/83).

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**802.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕНОС НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ДЕПОЗИТ КАЈ ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ

Се прогласува Законот за пренос на паричните средства на општествено-политичките заедници во депозит кај деловните банки,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4379

19 декември 1989 година

Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕНОС НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ДЕПОЗИТ КАЈ ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ

Член 1

Паричните средства што се водат во депозит на Народната банка на Македонија со состојба на 31 декември 1989 година општествено-политичките заедници ги пренесуваат во депозит на деловната банка со која ќе склучат договор за држење на средствата во депозит.

Член 2

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија со одлука ја определува деловната банка и условите под кои се пренесуваат паричните средства на Републиката во депозит, како и кредитите што банките ги користеле од тие средства со рок на враќање подолг од 31 декември 1989 година.

Договорот за држењето на паричните средства во депозит на деловната банка и за условите под кои ќе се пренесат кредитите од став 1 на овој член во име на Собранието на СР Македонија ќе го склучи републичкиот секретар за финансии.

Извршниот совет годишно ќе го известува Собранието на СР Македонија за избраната банка, условите под кои ќе бидат депонирани средствата од став 1 на овој член, како и годишните ефекти што ќе се постигнуваат со депонирањето на овие средства.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" број 42/77).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**803.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените на Републичкиот буџет за 1989 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4377

19 декември 1989 година

Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ИЗМЕНИ
## НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ број 50/88, 28/89 и 39/89), во член 1 дел I Вкупни приходи износот „2.943.863.000.000“ се заменува со износот „3.720.263.000.000“.

Во дел II Вкупни расходи износот „2.943.863.000.000“ се заменува со износот „3.720.263.000.000“, во алинеја 1 износот „1.900.826.920.000“ се заменува со износот „2.043.028.920.000“, во алинеја 2 износот „20.000.000.000“ се заменува со износот „109.000.000.000“ и во алинеја 3 износот „1.048.524.080.000“ се заменува со износот „1.568.234.080.000“.

Член 2

Во член 2 Биланс на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1989 година, во оддел I Приходи во точка 1 Непосредни изворни приходи во групата 71 — Приходи од даноци од доход на ОЗТ во контото 710 — Данок од доход на ОЗТ, на двете места и во ставката Сè група 71 износот „247.000.000.000“ се заменува со износот „287.000.000.000“, во групата 72 — Приходи од даноци од личните доходи во контото 720 — Данок од личен доход на работниците на двете места и во ставката Сè група 72 износот „306.000.000.000“ се заменува со износот „420.000.000.000“, во групата 73 — Приходи од даноци на промет на производи и услуги и од данoци на промет на недвижности и права во контото 730 — Основен данок на промет износот на контото „605.000.000.000“ се заменува со износот „997.400.000.000“, во контото 731 — Посебен републички данок на промет на производи износот на контото „720.000.000.000“ се заменува со износот „948.000.000.000“ износот на групата „1.325.908.000.000“ се заменува со износот „1.945.400.000.000“ и во ставката Сè група 73 износот „1.325.908.000.000“ се заменува со износот „1.945.400.000.000“, во групата 75 — Приходи од такси во контото 752 — Судски такси на двете места и во ставката Сè група 75 износот „14.000.000.000“ се заменува со износот „16.000.000.000“. Во ставката Вкупно приходи (71—78) износот „2.943.863.000.000“ се заменува со износот „3.720.263.000.000“.

Во дел II Расходи Распоред на приходите во групата 43 — Средства за поттикнување на развојот, за интервенции во стопанството и поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во контото 431 — Компензации, регреси и надоместоци износот „29.300.000.000“ се заменува со износот „79.300.000.000“, износот на групата и во ставката Сè група 43 износот „208.133.000.000“ се заменува со износот „258.133.000.000“; во групата 44 — Пренесени средства на други ОПЗ и СИЗ во контото 445 — Дополнителни средства за буџетот на општините износот „18.364.221.000“ се заменува со износот „110.764.221.000“ и во ставката Сè група 44 износот „907.574.799.000“ се заменува со износот „965.763.364.000“; во групата 47 — Издвојување на средства за резервите во контото 470 — Издвојување во постојаната буџетска резерва на двете места и во ставката Сè група 47 износот „20.000.000.000“ се заменува со износот „109.000.000.000“; во групата 48 — Други расходи во контото 488 — Други расходи на ОПЗ износот „1.048.524.080.000“ се заменува со износот „1.568.034.080.000“; износот на групата и во ставката Сè група 48 износот „1.048.724.000.000“ се заменува со износот „1.568.234.080 000“. Во ставката Вкупно расходи (10 до 36) износот „2.943.863.000.000“ се заменува со износот „3.720.263.000.000“.

Член 3

Во член 3 износот „2.943.863.000.000“ се заменува со износот „3.720.263.000.000“.

1. Во Раздел 64 — Средства за компензации и регреси позиција 561 конто 431 — Компензација на цената на дневните информативно-политички весници и друго износот „25.000.000.000“ се заменува со износот „71.000.000.000“; позиција 562 конто 431 — Регреси во патниот сообраќај и жичарниците износот „4.300.000.000“ се заменува со износот „8.300.000.000“, износот на основната намена „29.300.000.000“ се заменува со износот „79.300.000.000“ и во ставката вкупно Раздел 64 (позиции од 561 до 562) износот „29.300.000.000“ се заменува со износот „79.300.000.000“.

2. Во Раздел 66 — Средства за финансирање на други општествено-политички заедници, во делот Дополнителни средства за општи потреби на општините позиција 597 конто 445 — Берово износот „1.243.212.000“ се заменува со износот „6.029.212.000“, позиција 598 конто 445 — Брод Македонски износот „1.391.616.000“ се заменува со износот „6.391.616.000“, по позиција 598 конто 445 — Брод Македонски се додава нова позиција 598-а конто 445 Валандово со износот „2.372.000.000“, позиција 599 конто 445 — Виница Македонска износот „1.040.107.000“ се заменува со износот „1.992.107.000“, по позицијата 599 конто 445 — Виница Македонска се додава нова позиција 599-а конто 445 — Гостивар со износот „3.817.000.000“, позиција 600 конто 445 — Дебар износот „1.571.851.000“ се заменува со износот „4.439.851.000“, позиција 601 конто 445 — Делчево износот „1.317.900.000“ се заменува со износот „7.432.900.000“, позиција 602 конто 445 — Демир Хисар износот „1.712.376.000“ се заменува со износот „6.303.376.000“, по позицијата 603 конто 445 — Кавадарци се додава нова позиција 603-а конто 445 — Кичево со износот „4.016.000.000“, позиција 604 конто 445 — Кочани износот „1.371.460.000“ се заменува со износот „6.249.460.000“, позиција 605 конто 445 — Кратово износот „1.358.584.000“ се заменува со износот „6.666.384.000“, позиција 606 конто 445 — Крива Паланка износот „2.147.019.000“ се заменува со износот „8.934.019.000“, позиција 607 конто 445 — Крушево износот „1.467.511.000“ се заменува со износот „6.306.511.000“, позиција 608 конто 445 — Куманово износот „1.003.303.000“ се заменува со износот „14. 983.303.000“, позиција 609 конто 445 — Прилеп износот „1.061.086.000“ се заменува со износот „10.123.886.000“, по позицијата 609 конто 445 — Прилеп се додава нова позиција 609-а конто 445 — Ресен со износот „3.383.000.000“, позиција 610 конто 445 — Радовиш износот „1.421.091.000“ се заменува со износот „1.888.098.000“, позиција 611 конто 445 — Свети Николе износот „210.531.000“ се заменува со износот „1.541.531.000“, во позицијата 611 конто 445 — Свети Николе се додава нова позиција 611-а конто 445 — Тетово со износот „7.839.000.000“, износот на основната намена „18.364.221.000“ се заменува со износот „110.764.221.000“. Во ставката Вкупно Раздел 66 (позиции од 596 до 611) износот „907.574.791.000“ се заменува со износот „965.763.364.000“.

3. Во Раздел 67 — Средства за резервите позиција 612 конто 470 — Издвојување во постојаната резерва во Републиката износот „20.000.000.000“ се заменува со износот „109.000.000.000“, износот на основната намена „20.000.000.000“ се заменува со износот „109.000.000.000“, позиција 614 конто 488 — Тековна буџетска резерва износот „15.532.000.000“ се заменува со износот „63 532.000.000“, позиција 615 конто 488/1 — Средства за усогласување на личните доходи на вработените согласно со општествените договори износот „1.007.502.080.000“ се заменува со износот „1.504.502.080.000“, износот на основната намена „1.048.733.080.000“ се заменува со износот „1.568.234.080.000“. Во ставката Вкупно Раздел 67 (позиција од 612 до 615) износот „1.060.724.080.000“ се заменува со износот „1.677.234.080.000“.

Член 4

Овие измени влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**804.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Се прогласува Законот за изменување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4366/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Член 1

Во Законот за самостојно вршење дејност со личен труд („Службен весник на СРМ“ број 18/89), во членот 21 став 1 бројот „200.000“ се заменува со бројот „2.000.000“, а бројот „1.000.000“ се заменува со бројот „10 000.000“.

Член 2

Во член 22 бројот „100.000“ се заменува со бројот „1.000.000“, а бројот „500.000“ се заменува со бројот „5.000.000“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**805.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИТЕ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за прометот на стоки и услугите во прометот на стоки,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4365/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ.
**Јездимир Богдански,** с. р

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИТЕ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ

Член 1

Во Законот за прометот на стоки и услугите во прометот на стоки („Службен весник на СРМ“ број 44/77, 6/79 и 28/88), во член 9 ставовите 1 и 2 се бришат.

Член 2

Во членот 76 став 1 бројот „200.000“ се заменува со бројот „400.000“, а бројот „2.000.000“ се заменува со бројот „8.000.000“.

Точката 2 се брише.

Во ставот 2 бројот „50.000“ се заменува со бројот „500.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.000.000“.

Во ставот 3 бројот „45.000“ се заменува со бројот „450.000“, а бројот „12.000“ се заменува со бројот „150.000“.

Член 3

Во членот 76а став 1 бројот „150.000“ се заменува со бројот „500.000“, а бројот „1.500.000“ се заменува со бројот „25.000.000“.

Во ставот 2 бројот „25.000“ се заменува со бројот „300.000“, а бројот „200.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 4

Во членот 77-а бројот „3.000“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „1.500“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 5

Во членот 79 став 1 бројот „50.000“ се заменува со бројот „500.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.000.000“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**806.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4364/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на СРМ“ број 24/83, 21/84, 29/86, 36/88 и 29/89), во членот 86 став 1 бројот „200.000“ се заменува со бројот „1.000.000“, а бројот „2.000.000“ се заменува со бројот „20.000.000“.

Во ставот 2 бројот „50.000“ се заменува со бројот „500.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 2

Во членот 87 став 1 бројот „150.000“ се заменува со бројот „800.000“, а бројот „1.500.000“, се заменува со бројот „15.000.000“.

Во ставот 2 бројот „8.000“ се заменува со бројот „35.000“, а бројот „25.000“ се заменува со бројот „1.200.000“.

Член 3

Членот 90 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**807.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за општонародна одбрана,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4376
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ“ број 26/84, 12/85, 50/87, 7/88 и 7/89), во член 365 став 1 зборовите: „500.000 до 1.500.000“ се заменуваат со зборовите: „5.000.000 до 15.000.000“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000“ се заменуваат со зборовите: „1.500.000 до 2.000.000“.

Член 2

Во член 366 став 1 зборовите: „300.000 до 1.200.000“ се заменуваат со зборовите: „3.000.000 до 12.000.000“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000“ се заменуваат со зборовите: „1.000.000 до 1.500.000“.

Член 3

Во член 367 зборовите: „120.000 до 220.000“ се заменуваат со зборовите: „1.200.000 до 2.200.000“.

Член 4

Во член 368 зборовите: „100.000 до 200.000“ се заменуваат со зборовите: „1.000.000 до 1.500.000“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**808.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБИРАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ПРОМЕТ НА ОТПАДНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ШТО СЕ КОРИСТАТ КАКО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадните материјали што се користат како секундарни суровини,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4363/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБИРАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ПРОМЕТ НА ОТПАДНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ШТО СЕ КОРИСТАТ КАКО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадните материјали што се користат како секундарни суровини („Службен весник на СРМ“ број 23/83), во членот 19 став 1 бројот „20.000“ се заменува со бројот „5.000.000“, а бројот „70.000“ се заменува со бројот „45.000.000“.

Во ставот 2 бројот „2.000“ се заменува со бројот „1.000.000“, а бројот „10.000“ се заменува со бројот „2.500.000“.

Член 2

Во членот 20 став 1 бројот „10.000“ се заменува со бројот „4.000.000“, а бројот „40.000“ се заменува со бројот „40.000.000“.

Во ставот 2 бројот „1.000“ се заменува со бројот „800.000“, а бројот „5.000“, се заменува со бројот „2.000.000“.

Член 3

Во членот 21 бројот „5.000“ се заменува со бројот „500.000“, а бројот „10.000“ се заменува со бројот „15.000.000“.

Член 4

Во членот 22 бројот „2.000“ се заменува со бројот „400.000“, а бројот „5.000“ се заменува со бројот „13.000.000“.

Член 5

Во членот 23 бројот „1.000“ се заменува со бројот „300.000“, а бројот „5.000“ се заменува со бројот „2.000.000“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“

**809.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАЗАРИШНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пазаришната инспекција,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4357
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАЗАРИШНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за пазаришната инспекција („Службен весник на СРМ" број 40/73, 6/79, 34/84 и 7/86) во член 28 став 1 бројот „2.000" се заменува со бројот „500.000", а бројот „70.000" се заменува со бројот „20.000.000".

Во став 2 бројот „2.000" се заменува со бројот „15.000", а бројот „20.000" се заменува со бројот „1.400.000".

Член 2

Во член 29 бројот „500" се заменува со бројот „300.000", а бројот „10.000" се заменува со бројот „14.000.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**810.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4356
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за судските такси („Службен весник на СРМ" број 29/86 и 24/88), во член 1 став 6 се менува и гласи:

„Иницијатива за склучување, изменување или дополнување на договорот од став 5 на овој член може да покрене секој учесник во договарањето".

Член 2

Во член 2 точките 7 и 8 по зборот „труд" се става запирка и се додаваат зборовите: „претпријатија и други правни лица".

Член 3

Во член 6 ставовите 3 и 4 се заменуваат со нов став 3, кој гласи:

„Таксата се плаќа во готово ако таксениот обврзник е должен за поднесокот или за судската одлука, односно дејството да плати износ на такса поголема од 20.000 динари, доколку со таксената тарифа не е определено поинаку. Пред стопанските судови таксата се плаќа вирмански".

Став 5 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Кога таксата треба да се плати во готово, таксениот обврзник ја уплатува таксата во корист на сметката на приходите од судски такси во републичкиот буџет, односно во буџетот на општината на која ѝ припаѓаат приходите од судски такси според овој закон. Потврдата за платената такса се приложува кон поднесокот за кој е платена таксата, а кога се поднесува потврда за платена такса за судска одлука, подносителот е должен посебно да назначи за која одлука се плаќа таксата. Судот на списот за кој е платена таксата ќе го потврди износот на платената такса".

Став 6 се брише.

Член 4

Во член 31 и член 32 ставови 2 и 3, бројот „50.000 се заменува со бројот „750.000".

Член 5

Во член 33 точка 1 бројот „30.000" се заменува со бројот „500.000"; во точка 3 бројот „50.000" се заменува со бројот „750.000"; во точка 4 бројот „25.000" се заменува со бројот „370.000"; во точките 5 и 6 бројот „100.000" се заменува со бројот „1.500.000"; во точка 7 бројот „50.000" се заменува со бројот „750.000"; и во точка 8 бројот „25.000" се заменува со бројот „500.000".

Член 6

Во член 34 бројот „50.000" се заменува со бројот „750.000".

Член 7

Во член 35 алинеја 1 бројот „200.000" се заменува со бројот „4.000.000"; во алинеја 2 бројот „500.000" се заменува со бројот „10.000.000"; и во алинеја 3 бројот „1.000.000" се заменува со бројот „20.000.000".

Член 8

Во член 39 бројот „2.500" се заменува со бројот „50.000".

Член 9

Во член 40 бројот „50.000" се заменува со бројот „1.000.000".

Член 10

Во член 47 став 4 бројот „1.000" се заменува со бројот „20.000", а бројот „30.000" се заменува со бројот „600.000".

Член 11

Во член 48 став 1 се менува и гласи:

„Ако таксен обврзник е организација на здружениот труд, претпријатие или друго правно лице, судот со решение ќе го утврди износот на неплатената такса и износот на казнената такса (член 47) и решението ќе и го достави на Службата на општественото книговодство кај која се води сметката на таксениот обврзник".

Член 12

Во член 49 бројот „500“ се заменува со бројот „10.000“.

Член 13

Член 57 се менува и гласи:

„ТАРИФА НА РЕПУБЛИЧКИТЕ СУДСКИ ТАКСИ (ТАКСЕНА ТАРИФА)

I. ПРОЦЕСНА И ИЗВРШНА ПОСТАПКА

1. ПОДНЕСОЦИ

1. За тужба, противтужба и за предлог за повторување на постапка се плаќа, според вредноста на спорот, следнава такса:

| вредноста на спорот | | | такса |
|---|---|---|---|
| | до | 500.000 дин. | 50.000 дин. |
| од 500.000 | до | 1.000.000 дин. | 100.000 дин. |
| од 1.000.000 | до | 5.000.000 дин. | 200.000 дин. |
| од 5.000.000 | до | 10.000.000 дин. | 400.000 дин. |
| од 10.000.000 | до | 50 000.000 дин. | 600.000 дин. |
| од 50.000.000 | до | 100 000.000 дин. | 1.000.000 дин. |
| | над | 100.000.000 дин. | 1.000.000 дин. |

+ 2% на секој започнат динар над износот од 100.000.000 динари, а најмногу 10.000.000 динари

2. За предлог за извршување или обезбедување или издавање на привремена мерка, за приговор против платен налог, за приговор во извршна постапка, за предлог за враќање во поранешна состојба, за предлог за обезбедување докази, за одговор на жалба, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број.

3. За жалба против пресуда и за жалба против решение за спорови поради смеќавање на посед се плаќа двоен износ на такса од точка 1 на овој тарифен број.

4. За жалба против решение се плаќа такса од точка 1 на овој тарифен број.

5. За предлог за изведување на нови докази кои не се предложени со тужбата, односно со писмениот одговор на тужбата или со приговор против платениот налог кој предизвикал закажување на нова расправа, односно рочиште, се плаќа такса во висина од 30% од таксата од точка 1 на овој тарифен број, но не помалку од 15.000 динари, а најмногу 45.000 динари во постапката пред судовите од општа надлежност, а во постапката пред стопанските судови не помалку од 75.000 динари и не повеќе од 220.000 динари.

6. За спогодбен предлог за развод на брак се плаќа такса во висина на таксата за тужба за развод на брак.

Забелешка:

1) за тужбите во кои е ставен предлог за издавање на платен налог, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број;

2) ако поднесоците се примени на записник во судот, вклучувајќи ги и оние што се примени на записник во текот на расправата, се плаќа такса предвидена за односниот поднесок. Не се наплатува посебна такса за препишување од тарифниот број 20, ако записникот треба да се состави во повеќе примероци;

3) ако во тужбата е ставен предлог за издавање на привремена мерка, односно наредба или кога во жалбата е ставен предлог за враќање во поранешна состојба, покрај таксата за тужбата, односно жалбата се плаќа и такса за односниот предлог;

4) за предлог за дозвола за извршување или за издавање привремена мерка, односно наредба се плаќа една такса и кога се предлагаат повеќе средства за извршување, односно обезбедување без оглед дали тие истовремено или дополнително се вршат;

5) за предлог за признавање одлука на странски суд во статусните работи, се плаќа такса во износ од 30.000 динари, а за жалба против решението донесено по предлог — 60.000 динари;

6) за жалба против решение на првостепен суд, се плаќа такса ако со жалбата се напаѓа решението што подлежи на плаќање такса според тарифниот број 2;

7) за жалба против решение со кое се усвојува или одбива предлогот за враќање во поранешна состојба, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број, но не повеќе од 75.000 динари;

8) за предлог за обид за порамнување (член 324 од Законот за процесната постапка), се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број, но не повеќе од 75.000 динари;

9) ако учесникот во постапката стави предлог за изведување на нови докази кои предизвикале закажување на ново рочиште, ја плаќа таксата од точка 5 на овој тарифен број; и

10) за поднесоците што не се наведени во овој тарифен број, како и за прилозите кон поднесоците, не се плаќа такса.

2. ОДЛУКИ

Тарифен број 2

1. За првостепена пресуда, како и за решение за спорови поради смеќавање на посед, според вредноста на предметот на спорот се плаќа такса од точка 1 на тарифниот број 1.

2. За пресуда поради изостанок, како и за пресуда врз основа на признание, донесени на подготвително рочиште, односно на првото рочиште за главна расправа, ако подготвително рочиште не е одржано, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број.

3. За решение за отфрлање на тужба на подготвително рочиште (член 288 став 2 од Законот за процесната постапка) или во текот на првостепена постапка, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број, но не повеќе од 75.000 динари.

4. За решение за издавање на платен налог, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број.

5. За решение по предлог за дозвола за извршување или обезбедување или привремена мерка, односно наредба, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број, а ако ова решение се донесува врз основа на странски извршни исправи, се плаќа полна такса од точка 1 на овој тарифен број.

6. За решение со кое се усвојува или одбива предлогот за враќање во поранешна состојба, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број но не повеќе од 40.000 динари.

Забелешка:

1) Обврската за плаќање на такса за првостепена одлука не зависи од тоа дали одлуката станала правосилна;

2) за првостепените одлуки што не се наведени во овој тарифен број, како и за одлуките на судот од втор и трет степен, не се плаќа такса;

3) ако повисокиот суд ја укине одлуката на понискиот суд и предметот го врати на повторна расправа на понискиот суд, платената такса за укинатата одлука се пресметува во новата одлука или во порамнувањето. Така ќе се постапи и кога Врховниот суд на Македонија ќе го уважи барањето за заштита на законитоста. Исто така, таксата платена за првостепена одлука што е укината по повод усвоениот предлог за враќање во поранешна состојба или за предлог за повторување на постапката, ќе се пресмета во таксата за новата одлука што ќе биде донесена по враќањето во поранешна состојба, односно повторување на постапката.

Ако при пресметувањето се утврди дека таксата платена за првата одлука е поголема од таксата што треба да се плати за втората одлука, разликата од овие такси не се враќа;

4) за дополнителна пресуда или решение не се плаќа такса, ако за одлуката што е дополнета е платена такса според полната вредност на предметот на спорот;

5) ако во текот на процесот е донесена меѓупресуда, се плаќа такса на полниот износ на вредноста на предметот на спорот. Во таков случај нема да се плаќа такса за конечната одлука што ќе биде донесена по меѓупресудата;

6) ако во текот на процесот е донесена делумна пресуда, се плаќа такса според вредноста на барањето за кое е одлучено. Таксата за конечна одлука се плаќа според вредноста на остатокот на спорниот предмет што не е опфатен со делумната пресуда;

7) таксата за платен налог се пресметува во таксата за одлуката на судот што ќе биде донесена по повод приговорот против платниот налог, односно во таксата за порамнување, ако процесот не заврши со пресуда;

8) такса за одлука по предлог за дозвола за извршување, односно обезбедување или привремена мерка, односно наредба, како и такса за одлука по повод тужбата во која е ставен предлог за издавање платен налог (членови 446 и 447 од Законот за процесната постапка) се плаќа при поднесувањe на предлогот, односно тужбата;

9) таксата од точка 3 на овој тарифен број не се плаќа за решение за отфрлање на тужба што ќе се донесе во текот на претходното испитување на тужбата (член 282 од Законот за процесната постапка);

10) за пресуда на судот од прв степен што е донесена во врска со противтужба, се плаќа такса како да е посебно расправано за противтужбата;

11) ако заради заедничка расправа се спoени повеќе процеси, таксата за пресудата се плаќа посебно за секој спор, како да не постои спојување на повеќе процеси; и

12) за решение донесено по предлог за признавање на одлука од странски суд во статусните работи се плаќа такса во износ од 40.000 динари.

### 3. ПОРАМНУВАЊЕ

Тарифен број 3

За судско порамнување во текот на првостепената постапка, според вредноста за која странките се спогодиле, се плаќа половина од таксата од точка 1 на тарифниот број 1.

Забелешка:

1) ако со меѓупресуда е одлучено за основот на барањето, а потоа се склучи порамнување на износот на барањето, не се плаќа такса за порамнувањe;

2) за првиот препис од записникот за порамнувањето што на странката ѝ се издава на нејзино барање не се плаќа такса; и

3) ако предметот на порамнување е непроценлив, за порамнувањето се плаќа такса во износ од 45.000 динари.

## II. ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

Тарифен број 4

За жалба против одлука на суд од прв степен се плаќа такса во износ од 40.000 динари.

Тарифен број 5

За судско порамнување во вонпроцесната постапка се плаќа такса предвидена во тарифниот број 3.

## III. ТАКСА ВО ПОСТАПКАТА ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, ПРЕТПРИЈАТИЕ, ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ ИЛИ ИМОТ НА ИМАТЕЛ НА ДУЌАН

### 1. ПОДНЕСОЦИ

Тарифен број 6

1. За предлог за отворање на постапка за присилно порамнување над организација на здружениот труд, претпријатие или друго правно лице, односно имател на дуќан, се плаќа такса во износ од 75.000 динари.

2. За предлог за отворање на стечај над организација на здружениот труд, претпријатие или друго правно лице, односно над имот на имател на дуќан, се плаќа такса во износ од 75.000 динари.

3. За пријава на доверителите во постапка за стечај, редовна ликвидација и присилно порамнување, се плаќа такса според вредноста на побарувањето:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до | 500.000 динари | 50.000 |
| од | 500.000 | до | 1.000.000 динари | 100.000 |
| од | 1.000.000 | до | 5.000.000 динари | 200.000 |
| од | 5.000.000 | до | 10.000.000 динари | 400.000 |
| | | над | 10.000.000 динари | 500.000 |

4. За жалба против одлука на стечајниот совет и советот за редовна ликвидација и советот за присилно порамнување, се плаќа такса во износ од 150.000 динари.

Забелешка:

1) како основ за плаќање такса на пријава од доверители се зема износот на побарувањето што го пријавува доверителот, при што ќе се земе дека условеното побарување не е условено. Ако еден доверител пријави повеќе побарувања, таксата се плаќа на вкупниот износ на тие побарувања. Ако доверителот дополнително го намали пријавеното побарување, таксата се плаќа според висината на намаленото побарување до моментот на намалувањето;

2) такса не се плаќа:

— за поднесоци од стечајниот управител;

— за пријава на вработени лица кои поради поведување постапка за стечај останале без работа; и

— за поднесоци што не се означени во овој тарифен број и прилозите кон поднесоците; и

3) таксата според овој тарифен број и тарифен број 7 се плаќа во стечајната постапка, постапката за редовна ликвидација и присилно порамнување над субјектите определени со закон и нивните доверители.

Тарифен број 7

Паушална такса се плаќа:

1. Во стечајната постапка, постапката за редовна ликвидација и присилно порамнување, од вкупните износи што се употребени или што стојат на располагање за намирување на долговите на стечајната маса, односно ликвидационата маса 2%, но не повеќе од 2.500.000 динари.

2. Во постапката за присилно порамнување од вкупните износи за кои е постигнато порамнувањето 1%, но не повеќе од 2.500.000 динари.

Забелешка:

1) паушалната такса се смета како долг на стечајната маса, односно ликвидационата маса. Оваа такса е должен да ја положи стечајниот управител, односно ликвидациониот управител по правосилноста на одлуката за главната делба, односно одлуката за намирување на доверителите во ликвидационата постапка;

2) ако е преземена санација на организација на здружениот труд и на други субјекти определени со закон во текот на стечајната постапка, се плаќа половина од паушалната такса од овој тарифен број. Оваа такса, ако е одредена привремена мерка, должен е да ја плати привремениот управител. Ако не е одредена привремена мерка, таксата е должна да ја плати самата организација на здружениот труд или субјектот определен со закон за кој е преземена санацијата. Оваа такса се плаќа според гарантираниот износ на санаторот;

3) паушалната такса за присилно порамнување ја плаќа организацијата на здружениот труд или субјектот определен со закон, како и имателот на дуќан во чија полза е одобрено порамнувањето; и

4) паушалната такса според овој тарифен број се плаќа во рок од 15 дена од денот на доставувањето на налогот за плаќање на таксата.

## IV. УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Ова поглавје го опфаќа уписот во судскиот регистар на субјектите определени со закон — организации на здружениот труд, претпријатија, други организации и заедници и други правни лица (во натамошниот текст: субјекти на уписот).

### 1. ПРИЈАВИ

Тарифен број 8

За пријава за упис во судскиот регистар на субјектите на уписот се плаќа такса во износ од 50.000 динари.

Забелешка:

1) ако со една пријава се бараат повеќе уписи за ист субјект на уписот, се плаќа само една такса од овој тарифен број.

### 2. УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Тарифен број 9

1. За решение за упис на актот за основање, организирање, конституирање и престанување на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 200.000 динари.

2. За решение за упис на овластено лице на субјектот на уписот, се плаќа такса за секое лице по 20.000 динари.

3. За решение за упис на промена на фирма, односно назив, како и за промена на дејноста или видот и обемот на одговорноста во правниот промет со трети лица или видот и обемот на одговорноста за обврските на другите организации на здружениот труд утврдени со самоуправна спогодба за здружување, се плаќа такса во износ од 200.000 динари.

4. За решение за упис на секоја друга настаната промена за запишаните податоци во регистарот, се плаќа такса во износ од 30.000 динари.

Забелешка:

1) Кога повеќе организации на здружениот труд, односно претпријатија се здружуваат во нова организација, односно претпријатие, покрај таксата за пријавата, се плаќа и такса за решение за упис на здружување според став 4 на овој тарифен број за секоја здружена организација на здружениот труд, односно претпријатие, а за решение за упис на основната организација на здружениот труд, се плаќа такса според тарифниот број 8 точка 1 и тарифниот број 9 точки од 1 до 3;

2) кога седиштето на организација на здружениот труд, претпријатие, друга организација и заедница или друго правно лице се преместува на подрачјето на ист стопански суд, се плаќа такса од тарифниот број 8 точка 1, како и од точка 4 од овој тарифен број.

Кога седиштето на организација на здружениот труд, претпријатие, друга организација и заедница или друго правно лице се преместува од подрачје на еден на подрачје на друг стопански суд, се плаќа такса како при регистрација на организација на здружениот труд, претпријатие, друга организација и заедница или друго правно лице според тарифниот број 8 став 1 и тарифниот број 9 точки од 1 до 3;

3) за упис на привремена мерка или отворање на постапка за редовна ликвидација и присилно порамнување, односно отворање на стечајна постапка не се плаќа такса; и

4) одредбите од точките од 1 до 4 на овој тарифен број и забелешките на овој тарифен број се применуваат согласно на другите субјекти определени со закон.

### 3. ОБЈАВУВАЊЕ

Тарифен број 10

За доставување на запишаните податоци заради објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ се плаќа такса во износ од 20.000 динари.

Забелешка:

1) за објавување на податоци чие запишување е барано со еден поднесок, се плаќа само една такса од овој тарифен број.

## V. КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА

### 1. ПОДНЕСОЦИ

Тарифен број 11

1. За приватна тужба и за противтужба се плаќа такса во износ од 200.000 динари.

2. За предлог за враќање во поранешна состојба се плаќа такса во износ од 100.000 динари.

3. За жалба против пресуда на суд од прв степен и за жалба против решение со кое е изречена судска опомена, се плаќа такса во износ од 150.000 динари.

4. За барање за повторување на кривичната постапка се плаќа такса во износ од 100.000 динари.

Забелешка:

1) ако кривичната постапка се води во смисла на член 32 од Законот за кривичната постапка (единствена постапка), кога едниот поднесок се однесува на повеќе приватни тужители или на повеќе обвинети или со поднесокот се опфатени повеќе кривични дела на еден обвинет, се плаќа една такса;

2) за поднесок со кој кривичната постапка се проширува на други кривични дела спрема ист обвинет за кој се гони по приватна тужба, се плаќа такса според точка 1 на овој тарифен број; и

3) за поднесоци што не се наведени во овој тарифен број, како и за прилозите кон поднесоците, не се плаќа такса.

### 2. ОДЛУКА

Тарифен број 12

За пресуда на суд од прв степен и за решение со кое се изрекува судска опомена, се плаќа такса во износ од 300.000 динари.

Забелешка:

1) за првостепена пресуда или за решение со кое се изрекува судска опомена, се плаќа една такса без оглед на бројот на приватните тужители и на бројот на кривичните дела што се опфатени со една пресуда, односно решение;

2) ако за повеќе кривични дела на едно лице поради раздвојување на постапката (член 32 од Законот за кривичната постапка) се донесени пресуди од страна на ист суд, за пресудата се плаќа една такса;

3) ако со пресуда е одбиена тужбата поради ненадлежност на судот, платената такса за оваа пресуда ќе се пресмета во таксата за пресудата на надлежниот суд. Ако пресметаната такса е поголема, разликата не се враќа. Ако по жалба предлог за враќање во поранешна состојба или по предлог за повторување на кривичната постапка пресудата се укине, таксата платена за укинатата пресуда ќе се пресмета во таксата за новата првостепена пресуда; и

4) за првостепени одлуки што не се наведени во овој тарифен број и за одлуки на судот од втор степен не се плаќа такса.

### 3. КРИВИЧНА ПОСТАПКА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПЕЧАТОТ И ДРУГИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Тарифен број 13

Во постапката според Законот за печатот и другите средства за информирање се плаќаат такси предвидени во тарифните броеви 11 и 12 од оваа тарифа во двоен износ.

## VI. ПОСТАПКА ПО УПРАВНИ СПОРОВИ

### 1. ПОДНЕСОЦИ

Тарифен број 14

1. За тужба против управен акт се плаќа такса во износ од 100.000 динари.

2. За тужба за повторување на постапка се плаќа такса во износ од 100.000 динари.

Забелешка:

1) за предлог за издавање решение со кое се заменува управен акт и за други поднесоци што не се наведени во овој тарифен број, како и за прилози кон поднесоците, не се плаќа такса;

2) за поднесоци во управно-сметководствените спорови и во споровите по девизни работи се плаќа такса од овој тарифен број зголемена за три пати; и

3) такса од точка 1 на овој тарифен број се плаќа за барање од член 20 на Законот за управните спорови.

### 2. СУДСКИ ОДЛУКИ

Тарифен број 15

За пресуда во постапка во управен спор се плаќа такса, и тоа:

1) ако предметот на спорот е проценлив, од вредноста на спорниот предмет 1%, но најмногу 200.000 динари; и

2) ако предметот на спорот е непроценлив, 100.000 динари.

Забелешка:

1) таксата од точка 1 на овој тарифен број не може да биде помала од 100.000 динари;

2) ако предметот на спорот е делумно проценлив, а делумно непроценлив, такса се плаќа како да е предметот проценлив.

Кога се во прашање работи од инвалидското осигурување, социјалното осигурување, старателството, посвојувањето и социјалната помош, такса за пресудата се плаќа како за предметот од непроценлива вредност;

3) во спорови по девизни работи и во управно-сметководни спорови се плаќа такса за пресуда 2% од вредноста на предметот на спорот, ако е тој проценлив, но не повеќе од 1.000.000 динари; и

4) за одлуки што не се наведени во овој тарифен број не се плаќа такса.

## VII. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

### 1. СУДСКИ УВЕРЕНИЈА И ПОТВРДИ

Тарифен број 16

1. За поднесок со кој се бара издавање на уверение се плаќа такса во износ од 8.000 динари.

2. За уверение се плаќа такса во износ од 12.000 динари.

Забелешка:

1) ако со едно уверение се сведочат повеќе факти, особини, односи или околности се плаќа една такса;

2) за потврда дека таксата е платена, издадена во форма на уверение, се плаќа такса од овој тарифен број. Не се плаќа такса ако се издава само признаница за платената такса;

3) не се плаќа такса од овој тарифен број за потврда што ја издава судот на странката, сведокот, вештакот, толкувачот, преведувачот и друго лице, за остварување надоместок за изгубена заработувачка поради отсуствување од работа по покана од судот;

4) за потврда на правосилност или извршност која се става на судски отправок не се плаќа такса;

5) такса од точка 1 на овој тарифен број се плаќа и за поднесоци преку телефон, телекс, телеграма и слично, како и за секој дополнителен поднесок со кој се дополнува или менува првобитниот поднесок;

6) таксата за уверението се лепи на поднесокот со кој се бара издавање на уверение;

7) ако уверението се издава во два или повеќе примероци, за вториот и секој натамошен примерок се плаќа половина од таксата на овој тарифен број; и

8) за поднесок со кој се бара издавање на уверение заради остварување право на додаток за деца или за остварување право од здравствено, инвалидско или пензиско осигурување, како и за самото уверение, не се плаќа такса

### 2. ПОЛНОМОШНО

Тарифен број 17

1. За издавање усно полномошно на записник пред суд се плаќа такса во износ од 20.000 динари.

2. За усно отповикување или отказ на полномошно на записник пред суд се плаќа такса во износ од 15.000 динари.

3. За судско известување на отповикување или отказ на полномошно се плаќа такса во износ од 20.000 динари.

Забелешка:

1) ако повеќе лица овластени за потпишување на правно лице му издаваат полномошно на еден застапник се плаќа такса за едно полномошно;

2) не се плаќа такса за писмено полномошно што му се поднесува незаверено на судот како доказ за застапување;

3) не се плаќа такса од овој тарифен број за издавање на усно полномошно на записник пред судот во кривичната постапка за дела кои се гонат по службена должност и во постапка за стопански престапи;

4) таксата според овој тарифен број се лепи на судскиот записник; и

5) за издавање на усно полномошно според точка 1 на овој тарифен број се плаќа една такса и кога повеќе лица истовремено му издаваат полномошно на едно лице или на поголем број лица.

### 3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СПИСИ

Тарифен број 18

За разгледување на судски списи се плаќа такса во износ од 20.000 динари.

Забелешка:

1) не се плаќа такса за разгледување на списи по кои постапката е во тек, ако списите ги разгледа странката или нејзин застапник, односно полномошник;

2) таксата се лепи на списот кој се разгледува, при што работникот во судот потврдува дека списот е разгледан; и

3) за писмено или усно барање за дозвола за разгледување на списи не се плаќа такса.

### 4. ПРЕПИСИ

Тарифен број 19

1. За препишување на судски акти, како и за препишување на акти од збирка на исправи, што ги извршил судот по барање на странката, се плаќа такса од полутабак на оригиналот во износ од 12.000 динари.

2. Ако истовремено судскиот препис се заверува се плаќа такса во износ од 6.000 динари.

3. За писменото или усното барање да се изврши препишување се плаќа такса во износ од 8.000 динари.

Забелешка:

1) таксата за препис се лепи на молбата со која се бара препишување, а во случај на усна молба, на списот;

2) ако препишувањето се врши на странски јазик, таксата од овој тарифен број се зголемува за 50%;

3) за препис на записник (од претрес, расправа или рочиште) кој е изготвен истовремено со составувањето на изворникот, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број;

4) таксата за заверка на потпис, ракопис или препис ја плаќа лицето кое бара заверка; и

5) како полутабак се подразбира лист хартија од две страници во нормална канцелариска големина.

5. ИЗВОДИ ОД ЈАВНИ КНИГИ

Тарифен број 20

За изводи од судскиот регистар, кога се издаваат по барање на странката, се плаќа такса од полутабак во износ од 10.000 динари.

Забелешка:

1) ако изводот го составила странката и му го поднела на судот на потврда, се плаќа половина од таксата на овој тарифен број;

2) за писмено или усно барање на странката да ѝ се издаде извод не се плаќа такса; и

3) за изводи од таписки и други јавни книги што се издаваат на странките за остварување право на додаток на деца или заради остварување право од здравствено, инвалидско или пензиско осигурување не се плаќа такса.

6. ПРАВНА ПОМОШ

Тарифен број 21

За поднесок кој се предава усно на записник пред судот, се плаќа такса според тарифниот број за односниот поднесок.

7. ДРУГИ ПРЕДМЕТИ

Тарифен број 22

1. За предлог на странката судот да определи судија или претседател на избран суд (член 475 ставови 1 и 2 од Законот за процесната постапка), се плаќа такса во износ од 40.000 динари.

2. За предлог за изземање на судија на избран суд (член 477 од Законот за процесната постапка) се плаќа такса во износ од 60.000 динари.

3. За ставање на потврда за правосилност и извршност на пресуда и на извршна пресуда на избран суд, се плаќа такса во износ од 60.000 динари.

Забелешка:

1) не се плаќа такса од точка 1 на овој тарифен број ако предлогот за назначување на претседател на избран суд го поднел избран судија (член 475 од Законот за процесната постапка).

Тарифен број 23

За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена се плаќа такса во износ од 20.000 динари".

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

---

**811.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УКИНУВАЊЕ НА ЗАВОДОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ И ФОТОГРАМЕТРИСКИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за укинување на Заводот за геодетски и фотограметриски работи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 декември 1989 година.

Бр. 08-4359
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА УКИНУВАЊЕ НА ЗАВОДОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ И ФОТОГРАМЕТРИСКИ РАБОТИ

Член 1

Се укинува Заводот за геодетски и фотограметриски работи — Скопје.

Член 2

Работниците, средствата, правата и обврските на Заводот за геодетски и фотограметриски работи — Скопје, од 1 јануари 1990 година преминуваат во Републичката геодетска управа.

Член 3

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основање на Завод за геодетски и фотограметриски работи („Службен весник на СРМ" број 9/77 и 27/86).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**812.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 декември 1989 година.

Бр. 08-4528/1
27 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 50/82, 38/83, 3/85, 16/85, 44/85, 46/86, 44/87, 7/88, 28/88, 42/88 и 51/88), во членот 4 став 1 стапката „1,7" се заменува со стапката „1,3".

Член 2

Во членот 5 ставот 1 се менува и гласи:

„Данокот на вкупниот приход на граѓаните се плаќа по следниве стапки:

| Ако основицата на данокот изнесува | | Се плаќа данок износ и стапка | | На основицата над |
|---|---|---|---|---|
| | 5.000.000 | | 1% | |
| 5.000.000 | 10.000.000 | 50.000 | + 3% | 5.000.000 |
| 10.000.000 | 15.000.000 | 200.000 | + 5% | 10.000.000 |
| 15.000.000 | 20.000.000 | 450.000 | + 8% | 15.000.000 |
| 20.000.000 | 25.000.000 | 850.000 | + 12% | 20.000.000 |
| 25.000.000 | 30.000.000 | 1.450.000 | + 17% | 25.000.000 |
| 30.000.000 | 35.000.000 | 2.300.000 | + 23% | 30.000.000 |
| 35.000.000 | 40.000.000 | 3.450.000 | + 30% | 35.000.000 |
| 40.000.000 | 50.000.000 | 4.950.000 | + 38% | 40.000.000 |
| над | 50.000.000 | 8.750.000 | + 50% | 50.000.000 |

Член 3

Одредбите од член 2 на овој закон ќе се применуваат и на облогот на данокот на вкупниот приход на граѓаните за 1989 година, што ќе се изврши во 1990 година.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СР Македонија да утврди пречистен текст на Законот за републичките даноци на граѓаните.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

**813.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 декември 1989 година.

Бр. 08-4527/1
27 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ" број 39/82, 23/83, 13/84, 31/84, 22/85, 44/85, 4/87, 36/87, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 36/88 и 49/88), во Тарифата на посебниот данок на промет, во Тарифниот број 1 став 1 бројот „20,5" се заменува со бројот „22".

Во тарифниот број 2 бројот „5" се заменува со бројот „10", бројот „20" се заменува со бројот „30" и бројот „48,5" се заменува со бројот „60".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

**814.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 декември 1989 година.

Бр. 08-4537/1
27 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 12/87, 34/87, 50/87, 7/88, 51/88, 7/89 и 18/89), во член 58, став 1 точка 5) износот „1.000" се заменува со износот „500.000".

Член 2

Во член 69 став 1 зборовите: „со тоа што вкупното намалување на данокот по овој основ да не може да изнесува повеќе од 60%", се заменуваат со зборовите: „во однос на просечниот број на вработените во претходната година".

Член 3

Во член 103 зборот „прогресивна", се заменува со зборот „пропорционална".

Член 4

Во член 104 во ставовите 1 и 2 износот „150.000" се заменува со износот „2.000.000".

Член 5

Во член 108 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „зголемен за проценетиот пораст на личните доходи во последното тримесечје во годината".

Член 6

Во поглавје III. Постапка за облог и наплата на даноците по насловот 5. Обнова на постапката се додава нов наслов 5-а со пет нови члена 167-а, 167-б, 167-в, 167-г и 167-д кои гласат:

„5-а. Посебна постапка за облог со данок.

Член 167-а

Кога граѓанин поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, односно имотот кој го поседува и средствата со кои располага потек-

нуваат од личен доход или од приход на кој не е утврден данок или не е доволно утврден, органот за општествени приходи должен е да покрене посебна постапка за облог со данок на тој имот или приход.

Во постапката од став 1 на овој член органот го испитува изворот на средствата за набавка на имотот и средства со кои располага граѓанинот.

Постапката од став 1 на овој член може да се покрене доколку со одредбите од овој закон не настапила застареност на правото на облог со данок.

Член 167-б

Заклучокот за покренување посебна постапка го донесува органот за општествени приходи на чие подрачје граѓанинот има живеалиште.

Против заклучокот од став 1 на овој член може да се изјави жалба.

Член 167-в

Ако во постапката се утврди дека имотот, односно средствата се стекнати од неоданочен личен доход, односно приход, органот за општествени приходи донесува решение за утврдување на данокот.

Член 167-г

Основица за утврдување на данокот на непријавен личен доход, односно приход ја сочинува вредноста на имотот, односно висината на средствата што потекнуваат од непријавениот личен доход, односно приход за оданочување во времето на донесувањето на решението за облог со данок.

Член 167-д

Стапката на данокот на непријавен личен доход, односно приход е прогресивна.

Стапката на данокот од став 1 на овој член ја пропишува општината".

Член 7

Во член 172 став 1 зборот „тримесечно" се заменува со зборот „месечно".

Член 8

Во чен 173 зборот „тримесечно" се заменува со зборот „месечно", а зборот „тримесечието" се заменува со зборот „месецот".

Член 9

Во член 174 став 1 се менува и гласи:

„Стасаните износи на даноци, односно аконтацијата на даноците, се плаќаат во месечни износи до 15 во месецот за претходниот месец".

Член 10

Во член 175 по став 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5 кои гласат:

„Аконтацијата на данокот од став 1 на овој член се зголемува со процентот на порастот на просечниот личен доход во Републиката во месецот за кој се плаќа данокот во однос на остварениот просечен месечен чист личен доход во Републиката во претходната година или зголемен за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период во однос на просечните цени на мало во претходната година ако е тоа поповолно, според податоците што ги објавува Републичкиот завод за статистика.

По исклучок на одредбите од ставовите 1 и 3 на овој член даночниот обврзник на данокот од личен доход од стопанска дејност и данокот од личен доход од професионална дејност, аконтацијата на данокот за секој изминат месец може во рок од 15 дена по истекот на месецот самиот да ја пресметува и да ја уплатува врз основа на податоците од работните книги за остварените приходи за односниот месец, за што е должен на органот за општествени приходи да му поднесува месечна пресметка на данокот.

Даночниот обврзник од став 3 на свој член, за начинот на прифаќањето на плаќањето на аконтацијата на данокот поднесува до органот за општествени приходи изјава заедно со даночната пријава".

Член 11

Член 183 се менува и гласи:

„На износите на даноците што не се платени во пропишаните рокови од член 172 на овој закон се плаќа камата во износ според Законот за висината на стапката на затезната камата".

Член 12

Во член 248 став 1 зборовите: „100.000 до 500.000" се заменуваат со зборовите: „1.000.000 до 5.000.000".

Член 13

Во член 249 став 1 зборовите: „100 000 до 600.000" се заменуваат со зборовите: „1.000.000 до 6.000.000".

Во став 2 зборовите: „50.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „500.000 до 2.000.000".

Член 14

Во член 252 став 1 зборовите: „200.000 до 2.000.000" се заменуваат со зборовите: „2.000.000 до 20.000.000".

Во став 2 зборовите: „50.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „500.000 до 2.000.000".

Член 15

Во член 253 став 2 зборовите: „50.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „500.000 до 2.000.000".

Член 16

Во член 254 став 1 зборовите: „50.000 до 1.000.000" се заменуваат со зборовите „500.000 до 10.000.000".

Во ставовите 3 и 4 зборовите: „50.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „500 000 до 2.000.000".

Член 17

Во членовите 255 и 256 зборовите: „50.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „500.000 до 2.000.000".

Член 18

Одредбата на член 108 став 1 на овој закон ќе се применува и на облогот на данокот на вкупниот приход на граѓаните за 1989 година, што ќе се изврши во 1990 година.

Член 19

По исклучок од член 6 на овој закон општините и Републиката прописите за основиците и стапките на даноците за 1990 година ќе ги донесат најдоцна до 28 февруари 1990 година.

Член 20

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за пријавувањето и испитувањето на потеклото на имотот („Службен весник на СРМ" број 20/74, 42/76, 5/82 и 51/88).

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

---

**815.**

Врз основа на член 35 став 4 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88, 18/89 и 36/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1990 ГОДИНА

Член 1

До донесувањето на Републичкиот буџет за 1990 година, а најдолго до 31 март 1990 година, се врши привремено финансирање на функциите на Социјалистичка Република Македонија.

Член 2

Привременото финансирање, врз основа на оваа одлука, се врши во висина на една четвртина од вкупните приходи распоредени со Републичкиот буџет за 1989 година, во вкупен износ од 93.006.500 динари.

Во рамките на средствата од став 1 на овој член, во периодот на привременото финансирање, сразмерно се обезбедуваат и средства за извршување на обврските предвидени со закони донесени во 1989 година.

Распоредот на средствата од ставовите 1 и 2 на овој член го утврдува Републичкиот секретаријат за финансии со тримесечен план.

Член 3

Приходите кои ќе се остварат и расходите кои ќе се извршат во периодот на привременото финансирање, се составен дел на Републичкиот буџет за 1990 година.

Член 4

Извршувањето на средствата по одделни намени и корисници се врши согласно со Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4516/1
27 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**816.**

Врз основа на алинеја 9 на член 338 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/86 и 51/88)), во делот V точка 8 поднасловот на подточката а) се дополнува со зборовите: „и носители на други функции" и се додаваат два нови члена 135-а и 135-б кои гласат:

„Член 135-а

Гласањето за избор, односно именување на носители на функции во државните органи и во другите органи и организации врз основа на листа на која бројот на утврдените кандидати е поголем од бројот што се избира, односно именува, како и врз основа на листа на која бројот на утврдените кандидати е еднаков со бројот што избира односно именува, се врши тајно.

Член 135-б

Изборот, односно именувањето на носителите на функции се врши со мнозинство гласови на делегатите кои гласале доколку со Уставот на СРМ, со закон или со овој деловник не е поинаку определено.

Ако потребниот број гласови не го добиле онолку кандидати колку што се избираат, односно именуваат носители на функции, гласањето се повторува за бројот на носителите на функции кои не се избрани, односно именувани од редот на утврдените кандидати кои добиле најголем број гласови и тоа најмалку по двајца кандидати за секој носител на функција. Доколку меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.

Ако двајца или повеќе кандидати добијат ист број гласови, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако и на повторното гласање не биде избран, односно именуван потребниот број носители на функции, се повторува целата изборна постапка за бројот на носителите на функции кои не се избрани, односно именувани".

Член 2

Член 136 се менува и гласи:

„Претседателот на Собранието се избира од листа на кандидатите на која се утврдени најмалку двајца кандидати.

Листата на кандидатите за избор на претседател на Собранието ја утврдува и на Собранието му ја поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Листа на кандидатите за избор на претседател може да поднесе и група од најмалку 20 делегати во Собранието, од кои најмалку по пет од секој собор на Собранието.

Листата на кандидатите се поднесува по спроведувањето на претходната постапка за изјаснување за кандидатите во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

Подносителот на листата може да определи свој претставник кој на седницата на Собранието ќе го образложи предлогот на кандидатурите".

Член 3

Членот 138 се менува и гласи:

„Собранието има еден или повеќе потпретседатели.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието.

Одредбите на член 136 и 137 од овој деловник се применуваат и за поднесувањето на листата на кандидати за избор на потпретседател на Собранието.

На листата на кандидатите мора да биде утврден најмалку двојно поголем број кандидати од бројот на потпретседателите на Собранието кој се избира".

Член 4

Членовите 139, 140 и 141 се бришат.

Член 5

Во член 144 во првиот ред 1 по зборовите: „Избор на" се додаваат зборовите: „претседател и".

Член 6

Во член 145 во став 1 се бришат зборовите: „на членови на Советот на Републиката".

Член 7

Во член 150 се додаваат нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„Со спроведувањето на изборот на претседател на Собранието на конститутивната седница на новоизбраното Собрание раководи најстариот по години делегат, на кого му помагаат по еден делегат од секој собор и секретарот на Собранието.

Најстариот по години делегат раководи и со спроведувањето на изборот на потпретседател на Собранието ако на првата конститутивна седница на Собранието не биде избран претседател на Собранието".

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08-4308
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**817.**

Врз основа на член 318 точка 24, член 338 алинеја 6, согласно со член 376 став 1 алинеја 5 точка 2 на Амандманот XLII и точка 4 став 2 на Амандманот LIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година ,донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**

За претседател на Уставниот суд на Македонија се избира м-р Јордан Арсов, судија на Уставниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4387/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**818.**

Врз основа на член 48 од Законот за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 44/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

За генерален директор на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија се именува Илија Бошков, досегашен генерален директор на Службата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4393/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**819.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — БИТОЛА**

За постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола, се избира Ѓорѓи Христовски, секретар на Основниот суд на здружениот труд — Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4392/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**820.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 43/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВИЦЕГУВЕРНЕР ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА**

За вицегувернер во Народната банка на Македонија се именува Томислав Јагуриновски, досегашен вицегувернер на Народната банка на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4395/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**821.**

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за радиодифузијата („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА — СКОПЈЕ**

1. За генерален директор на Радио-телевизија — Скопје се именува Тихомир Илиевски, досегашен заменик на Сојузниот секретар за информации.

2. Оваа одлука влегува во сила на 30 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4394/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**822**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 40/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори. одржана на 5 декември 1989 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — БИТОЛА**

1. Се разрешува од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола, Вангел Груевски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 30 септември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4386/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**823.**

Врз основа на член 73 став 2, а согласно со член 27 став 4 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста претседател на Стопанскиот суд на Македонија Димитар Башевски, поради истек на времето на кое е избран.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4385/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**824.**

Врз основа на член 318 точка 25 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

За јавен обвинител на Македонија се именува Марко Бундалевски, заменик јавен обвинител на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4388/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**825**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76, 30/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Стопанскиот суд на Македонија се избира м-р Томислав Несторoски, постојан судија на Судот на здружениот труд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4389/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**826.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Врховниот суд на Македонија се избира Методија Муратовски, секретар на Заедницата на општините и градовите на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4390/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**827.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД — СКОПЈЕ

За судија на Окружниот суд — Скопје се избира Бранка Атанасовска, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4391/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**828.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1989 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ „25 МАЈ“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје, се именуваат:

Димитар Спировски, виши советник во Собранието на СРМ, и

м-р Љубица Чоневска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4429/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**829.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Републичкиот завод за здравствена заштита се именуваат:

Олга Огњановска, секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, и

Кирил Андоновски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4428/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**830.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот факултет во Скопје, поради истек на времето на кое се именувани:

Цветанка Ангелова,
Драган Петровски, и
Ѓокица Стефановски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот факултет во Скопје се именуваат:

Радмила Мадевска, претседател на Комисија во Сојузот на синдикатите на Македонија,

Предраг Акимовски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општина „Чаир“ — Скопје, и

Ратко Катушевски, директор на Поштенска штедилница — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4425/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**831.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, поради истек на времето на кое се именувани:

д-р Цветанка Абрашева,
Алексо Јанкуловски,
Славчо Тасев,
Трпе Алексовски, и
д-р Спиро Јовески.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје се именуваат:

д-р Богољуб Јовев, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ,

Илкер Мустафа, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Александар Донев, пензионер од Скопје,

д-р Кирил Апостолов, вработен во Медицинскиот центар во Кочани, и

Данчо Шутурков, заменик директор на „Македонија-табак“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4426
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**832.**

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 5 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ РЕК „БИТОЛА — СУВОДОЛ“ — БИТОЛА

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на ООЗТ РЕК „Битола — Суводол“ — Битола, се именуваат:

Душан Апостолов, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Трајан Гошевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4427/1
5 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**833.**

Врз основа на член 16 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87. 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ГАРАНЦИЈА ПО КРЕДИТОТ ОД VII-ОТ ЗАЕМ ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИ

1. Социјалистичка Република Македонија гарантира дека, доколку ЖТО — Скопје, корисник на кредитот не изврши уплата по пристигнатите обврски по кредитот од VII-от заем за железници, склучен меѓу Меѓународната банка за обнова и развој — Вашингтон и ЖТО — Скопје, во износ од 4,58 милиони САД долари, тие обврски ќе ги изврши Социјалистичка Република Македонија, во износ што Стопанската банка — Здружена банка — Скопје го платила во име и за сметка на ЖТО — Скопје.

2. Во случај Републиката да ги намири обврските на корисникот на кредитот од точка 1 на оваа одлука, Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија, по налог на републичкиот секретар за финансии, ќе изврши наплата на соодветниот износ во корист на Републиката од сите расположливи средства на корисникот на кредитот.

3. Републичкиот секретаријат за финансии ќе издаде исправа за гаранција, по претходно издадена банкарска гаранција, и ќе се грижи ЖТО — Скопје, да врши уредна отплата на кредитот.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4362/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**834.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ“ број 22/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 19 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ СПРЕМА ООЗТ РЕК „БИТОЛА — СУВОДОЛ“ — БИТОЛА ВО СОСТАВ НА РО „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

I

Привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема ООЗТ РЕК „Битола — Суводол“ — Битола преземени со Одлука на Собранието на СРМ број 21-1578/1 од 27 април 1989 година престануваат на 19 декември 1989 година.

II

Престанокот на привремените мерки да се запише во судскиот регистар.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4367/1
19 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**835.**

Врз основа на член 27 точка 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на СРМ“ број 18/76, 18/82 и 37/86), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, на седницата одржана на 18 ноември 1989 година, донесе

## ПРОГРАМА
### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СР МАКЕДОНИЈА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 1990 ГОДИНА

Во 1990 година имунизацијата ќе се спроведува континуирано и по епидемиолошки индикации:

I. Задолжителна имунизација ќе се спроведува континуирано против: туберкулоза (Tuberculosis), дифтерија (Diphtheria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertussis), детска парализа (Poliomyelitis an. acuta), мали сипаници (Morbilli), заушки (Parotitis) и црвенка (Rubeola) за сите лица од определена возраст според оваа програма.

II. Задолжителна имунизација ќе се спроведува по епидемиолошка индикација против: мали сипаници (Morbilli), туберкулоза (Tuberculosis), беснило (Lyssa), жолта треска (Feabris Flava) колера (Cholera), цревен тифус (Typhus abdominalis) и тетанус (Tetanus).

Задолжителна имунизација против заразните болести од точка I се спроведува исклучително на перманентен начин — континуирано во текот на цела та година, а против детска парализа од 1 јануари до 30 јуни и од 1 ноември до 31 декември 1990 година со тритипна вакцина, согласно член 7 од Правилникот за условите и начинот за вршење на задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести за лица што подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ број 42/85).

#### I. КОНТИНУИРАНА ИМУНИЗАЦИЈА

1. Имунизација против туберкулоза:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца без тестирање до крајот на првата година од животот;

2) на сите лица од навршена прва година до навршени 13 години со претходно тестирање кои примарно не се вакцинирани, ако не реагираат на туберкулин или кај кои реакцијата на туберкулин во пречник е помала од 6 мм.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите лица на 7 години од животот, односно во првото одделение на основното училиште со претходно тестирање.

2) на сите лица на 13 години од животот односно во завршното одделение на основното училиште со претходно тестирање.

2. Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца родени од 1. X. 1989 година до 30. IX.. 1990 година во возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца до навршена петгодишна возраст, кои дотогаш не се уредно вакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Б) Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца комплетно вакцинирани во 1989 година против дифтерија, тетанус и голема кашлица, на возраст определена со календарот за имунизација;

2) на сите деца комплетно вакцинирани до петгодишна возраст, ако од вакцинацијата поминало најмалку една година, а не повеќе од две години;

3) на сите деца во четвртата година на возраст, против голема кашлица ако претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

3. Имунизација против дифтерија и тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца до петгодишна возраст кои уредно не се вакцинирани, а ја прележале големата кашлица;

2) на сите деца родени од 1976 година кои не биле уредно вакцинирани против дифтерија и тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца во седмата и четиринаесеттата година, кои порано уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус според календарот за имунизација;

2) на сите деца до четиринаесетгодишна возраст, вакцинирани првпат во 1989 година против дифтерија и тетанус, ако од вакцинирањето поминала една година.

Имунизацијата на лица постари од 7 години се врши со посебни Ди-Те вакцини (про адултис)

4. Имунизација против тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите лица од навршени четиринаесет години до навршени 18 години, кои порано не биле имунизирани против тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите лица во осумнаесеттата односно завршната година на втор степен од средното насочено образование, кои претходно биле имунизирани и реимунизирани против тетанус со вакцина Ди-Те-Пер односно Ди-Те или Те:

2) на сите лица од четиринаесет години до осумнаесет години возраст кои во 1989 година биле за прв пат имунизирани против тетанус, ако од имунизирањето поминало една година.

5. Имунизација против детска парализа:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца родени од 1. X. 1989 година до 30. IX. 1990 година, според календарот за имунизација;

2) на сите деца родени од 1. I. 1976 до 30. IX. 1989 година кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца комплетно вакцинирани во 1989 година, ако од вакцинирањето поминало една година;

2) на сите деца во седмата година, односно при запишување во првото одделение на основното училиште и во четиринаесеттата година, односно во завршното одделение на основното училиште.

6. Имунизација против мали сипаници:

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца од навршени 12 месеци до навршени 14 годишна возраст, кои не прележале мали сипаници. По правило имунизацијата мора да се изврши најдоцна до наполнети 18 месеци возраст;

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца во I одделение во почетокот на училишната година а најдоцна до крајот на октомври и тоа пред имунизацијата од дифтерија, тетанус и детска парализа.

7. Имунизација против заушки и црвенка (рубеола).

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца од навршени 12 месеци до навршени две години на живот и тоа со еднократно вакцинирање.

Вакцинирањето се врши, по правило, истовремено со вакцинирањето против мали сипаници, со давање на комбинирана вакцина.

2) имунизација против рубеола кај сите женски деца во VIII одделение, односно 14 годишна возраст.

Покрај контраиндикациите предвидени во член 13 од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и за лица кои подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/85), како контраиндикации за имунизација против заразни заушки и црвенка се сметаат прогресивно евалутивните заболувања на централниот нервен систем.

Имунизацијата против определените заразни болести во оваа програма се врши по следниот

КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА

| Возраст на лица што подлежат на имунизација | Болест против која се врши имунизација | Вакцинација Ревакцинација |
|---|---|---|
| до 1 година | Туберкулоза (без тестирање) | вакцинирање |
| 4; 5 и 6 м. | Дифтерија, тетанус, пертусис (3 дози) | вакцинирање |
| 4; 5 1/2 и 7 м. | Детска парализа (3 дози тритипна вакцина) | вакцинирање |
| 13 месеци | Мали сипаници, заушки, црвенка | вакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија, тетанус, пертусис | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (1 доза) | I ревакцинирање |
| 4 години | Пертусис (1 доза) | II ревакцинирање |
| 7 години (I оддел.) | Туберкулоза (со тестирање) | I ревакцинирање |
| | Морбили | I ревакцинирање |
| | Детска парализа (1 доза) | II ревакцинација |
| | Дифтерија тетанус (1 доза) | II ревакцинација |
| 13 години | Туберкулоза (со тестирање) | II ревакцинација |
| 14 години | Рубеола (само за женски деца) | имунизација |
| 14 години | Детска парализа (1 доза) | III ревакцинирање |
| | Дифтерија тетанус (1 доза) | III ревакцинација |
| 18 години* | Тетанус (1 доза) | IV ревакцинација |

* или во завршната година на втор степен од средното насочено образование.

II. ИМУНИЗАЦИЈА ПО ЕПИДЕМИОЛОШКА ИНДИКАЦИЈА

1. На задолжителна имунизација против мали сипаници ако постои епидемиолошка индикација подлежат лица од наполнети 10 до 12 месеци, со тоа што таквите лица треба повторно задолжително да се вакцинираат по наполнети 15 месеци, а најдоцна до наполнети 2 години возраст.

На имунизација против мали сипаници подлежат и лица од наполнети 18 месеци до наполнети 14 години возраст што се вакцинирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболување на вакцинираните, епидемија на мали сипаници кај децата од таа возраст), што ги утврдил надлежниот орган во Републиката и ако од претходното вакцинирање против мали сипаници изминало повеќе од една година.

2. На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат лица до 25 години возраст кои се изложени на туберкулозна инфекција (контакти во семејството со заболени од туберкулоза и лица кои почнуваат со работа во организации на здружен труд во областа на здравството што се занимаваат со дијагностика и лекување на туберкулоза).

3. На задолжителна имунизација против тетанус подлежат сите лица над 18 годишна возраст во случај на повреда, ако дотогаш против тетанус не се вакцинирани или комплетно вакцинирани, нема доказ за вакцинирањето или поминале повеќе од 10 години од последното вакцинирање, односно ревакцинирање.

Имунизацијата против тетанус за овие лица се врши согласно член 22, 27, 47 и 48 од Правилникот за условите и начинот на вршењето задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразните болести и за лица што подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/85).

4. На задолжителна имунизација против беснило подлежат сите лица изложени на инфекција со вирусот на беснило и тоа:

а) на лице каснато или на друг начин повредено од бесно и на беснило сомнително диво или домашно животно;

б) лице каснато од куче или мачка на непознат имател кои не можат да се држат под десетдневна ветеринарска контрола;

в) лице каснато од куче или мачка што во рок од десет дена од денот на повредата на лицето ќе покажат знаци на беснило, ќе пцовисаат, ќе бидат убиени или ќе заскитаат;

г) лице што можело да се зарази со вирус на беснило преку слузницата или оштетување на кожата;

д) лице повредено при работа со материјал контаминиран со вирус на беснило.

Имунизација против беснило се врши согласно член 37, 38, 39, 45 и 46 од Правилникот за условите и начинот на вршењето задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразните болести и за лица што подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/85).

5. На задолжителна имунизација против жолта треска подлежат лица што патуваат во земја во која постои таа болест или во земја која бара имунизација против таа болест (овластена здравствена организација, завод за здравствена заштита при Здравствен дом — Скопје).

6. Против колера — за лица кои патуваат во земја која бара имунизација против истата.

Имунизација против колера и жолта треска се врши согласно член 40 од Правилникот за условите и начинот на вршењето на задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и на лица што подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/85).

7. На задолжителна имунизација против цревен тифус подлежат:

1) лица вработени на чистење на канализација, чистење на септички јами, отстранување на ѓубре и други отпадни материи од населби;

2) лица што живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;

3) лица според епидемиолошки индикации што ќе ги утврди надлежниот орган во Републиката.

Имунизација против цревен тифус се врши согласно членовите 41, 42, 43 и 44 од Правилникот за условите и начинот на вршењето на задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести и на лица што подлежат на таа обврска („Службен лист на СФРЈ“ бр. 42/85).

Програмата ќе се финансира од средствата што се обезбедуваат со Програмата за спроведување на задолжителни видови на здравствена заштита на населението во СР Македонија за 1990 година.

Оваа програма ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 10-1912/1
18 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

**836.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27 од 1 јули 1986) донесувам

**РЕШЕНИЕ**

Се прогласува и става во сила катастарскиот оперaт на недвижностите за катастарска општина Коњница, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 2.075 ха, 16 ари, 72 $m^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-1149/1
22 декември 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ

**373.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за Самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност, („Службен весник на СРМ“ бр. 23/75) и член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од гродобијност, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, на седницата одржана на 21 декември 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на стапките на придонесот за заштита од градобијност („Службен весник на СРМ“ бр. 2/89) во член 1 став 1 точка 1 стапката од „3,0%“ се заменува со стапката „6%“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-194/3
21 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Крсто Ристоски,** с. р.

---

**374.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за Самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност („Службен весник на СРМ“ бр. 23/75) и член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, на седницата одржана на 21 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ

Член 1

Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност ги утврдува придонесите што ги плаќаат:

1. основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници од областа на земјоделството по стапка од 6% од доходот остварен од земјоделска дејност, намален за пресметаните законски и договорни обврски освен данокот на доход;

2. работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства на трудот над кои постои право на сопственост (земјоделци) плаќаат придонес по стапка од 4% на личниот доход на земјоделска дејност (катастарски приход),

3. со Заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија“ — Скопје и Заедницата за осигурување имоти и лица „Дунав“ — Заедница за осигуреници — Скопје ќе се склучат посебни договори со кои ќе биде утврден и придонесот за 1990 година што тие заедници ќе го плаќаат од осигурен хектар обработлива површина (посеви и плодови).

Член 2

Пресметувањето и плаќањето на придонесот од доходот ќе се врши на начин и според прописите за данок на доход на организациите на здружен труд.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесот за заштита од градобијност, бр. 08-5/2 од 18 јануари 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 2/89).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-194/4
21 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Крсто Ристоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ГОСТИВАР

**375.**

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78), член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Гостивар, Собранието на заедницата на седницата одржана на 30 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО СЕ ПЛАЌА ВО КОРИСТ НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ГОСТИВАР

Член 1

Членот 2 точка 1 придонес од личен доход на работниците од стопанските и општествените дејности, процентот 6% се заменува со 7%.

Член 2

Во членот 3 алинеја 1 стапката од 3% се заменува со 3,50%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година.

Бр. 0801-851/4
30 октомври 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Аритон Веселиноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**376**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и член 26 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување Свети Николе, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување Свети Николе на седницата одржана на 12 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ СВЕТИ НИКОЛЕ

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување Свети Николе престанува со работа сметано од 8 септември 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 10/10
12 септември 1989 година
Свети Николе

Претседател,
**Ангел Стоиловски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — ШТИП

**377.**

Врз основа на член 76 став 2 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ", бр. 32/87) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Заедницата за вработување — Штип, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 13 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување на подрачјето на општината Штип за 1990 година се утврдува по стапка од 0,70%.

Член 2

Основица за плаќање на придонесот за вработување е:

— за работниците од ОЗТ личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход — бруто личен доход;

— за работодавецот основицата според која плаќа данок од личен доход;

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ, придонесот за вработување изнесува 10% од паушалниот износ на данокот;

— за работниците вработени кај работодавците 2% од нето личниот доход кој неможе да биде помалку од висината на загарантираниот личен доход.

Придонесот за вработување стасува за плаќање до 30 во месецот и неможе да се уплатува по престанокот на работниот однос.

Член 3

Облогот и наплатата на придонесот за вработување од член 2 алинеја 2 и 3 го врши Управата за приходи при Собранието на општината Штип.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-25/24
13 декември 1989 година
Штип

Претседател,
**Коце Ефремов,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП

**378.**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на Самоуправната интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и член 26 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Штип, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Штип, на седницата одржана на 7 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ШТИП

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Штип престанува со работа сметано од 30. IX. 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општетствениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-11/6
7 септември 1989 година
Штип

Претседател,
**Верица Филипова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ШТИП

**379.**

Врз основа на член 151-е и 151-ж од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 4/89), Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Штип, на седницата одржана на 21 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ШТИП

Член 1

Општинската самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Штип престанува со работа на 1. I. 1989 година, поради престанок на важењето на Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" број 15/78 и 27/86).

Член 2

Средствата, правата и обврските на досегашната Општинска самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Штип се пренесуваат во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 15-6/4
21 април 1989 година
Штип

Зам. Претседател,
**Драги Даунов,** с. р.

**379.**

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води постапка по тужбата на тужителот ЗСИЗ на становање на град Скопје, поднесена против тужениот Кузмановски Живко од Скопје, со последна позната адреса на живеење на ул. „Пекљане" бр. 85.

Се повикува тужениот Кузмановски Живко да се јави во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, постапката ќе продолжи со неговиот привремен застапник.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Х. П. бр. 870/89. (202)

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води спор за долг по тужбата на тужителот Југобанка Основна банка — Скопје, против тужената Јелдз Рифат од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Согласно чл. 84 ст. 2 т. 4 од ЗПП, за привремен застапник на тужената се назначува адвокатот Павле Петрушевски од Скопје, кој ќе ја застапува тужената во постапката сè додека истата или нејзин полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, V. П. бр. 3345/89. (217)

## ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Димовски Милан од Скопје, сега на привремена работа во СР Германија, против тужената Димовска Зорица, на привремена работа во СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Димовска Зорица од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, на истата ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр 3447/89. (212)

---

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Асип Агушев од Скопје, ул. „Диме Мечето" бр. 15, застапуван од адвокатот Симеон Двојаков од Скопје, против тужената Нафија Селимова од Скопје, со последна адреса на ул. „Брсјачка буна" бр. 56.

Бидејќи адресата на тужената е непозната, се повикува да се јави во Општинскиот суд Скопје II — Скопје, во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Доколку не се јави во овој рок, ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред овој суд.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, III П бр. 2950/89. (213)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред Општинскиот суд во Битола се води спор по предлог на предлагачот Методија Стојановски од Битола, ул. „Штипска" бр. 2-а, заради докажување на смртта на противничката Неда Стојанова од Битола.

Се повикува Неда Стојанова од Битола, која наводно починала на 3. X. 1972 година, да се јави пред овој суд во рок од 20 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен лист на СФРЈ", „Службен весник на СРМ" и огласната табла на овој суд.

Истовремено судот го повикува секој друг кој нешто знае за нејзиниот живот тоа да го јави во овој суд.

По истекот на рокот судот ќе донесе одлука по предлогот за докажување на смртта.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 362/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Општинскиот суд во Гостивар го повикува лицето Адеми Незир Зулбеар од с. Дебреше — Гостиварско во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд.

Судот ги повикува и сите лица кои знаат нешто за неговиот живот да му соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена, доколку лицето не се јави на огласот, судот ќе утврди деца ова лице е умрено.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 103/89.

---

Општинскиот суд во Гостивар го повикува лицето Мустафа Сефедин од с. Неготино — Гостиварско, да се јави во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен лист на СФРЈ", „Службен весник на СРМ" и огласната табла на овој суд.

Истовремено судот ги повикува сите лица кои знаат нешто за неговиот живот да му соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 3 месеци, доколку лицето не се јави на огласот, судот ќе утврди дека ова лице е починато.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 111/89.

---

Општинскиот суд во Гостивар го повикува лицето Беќири Џемиле од с. Врапчиште — Гостиварско, да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен лист на СФРЈ" и „Службен весник на СРМ" и на огласната табла во овој суд.

Судот ги повикува сите лица кои знаат за нејзиниот живот да му соопштат на овој суд.

Доколку лицето по истекот на рокот од 15 дена не се јави на огласот, судот ќе утврди дека лицето е умрено.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 53/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ДЕБАР

Пред Општинскиот суд во Дебар по предлог на Џеврије Јашар од с. Праленик — Дебарско, се води постапка за утврдување на смртта на Шефије Кадри од с. Праленик, со последно место на живеење с. Праленик, родена на 10. X. 1910 година во с. Праленик, со непознато место на живеење, да се јави во Општинскиот суд во Дебар. Истовремено се повикува секое лице кое нешто знае за нејзиниот живот, да се јави на овој суд.

Доколку во рок од 15 дена не се јави на огласот во „Службен весник на СРМ", судот ќе донесе одлука по предлогот за прогласување на Шефије Кадри за умрена.

Од Општинскиот суд во Дебар, ВПП бр. 249/88

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред Општинскиот суд во Кавадарци се води постапка за поништување на брак по тужбата на тужителите Игно и Веска Соколови од с. Марена, против тужената Олга Соколова од Запланска Топоница, кај Ниш, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Олга Соколова да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и да ја достави во судот својата адреса на живеење. Во спротивно, во смисла на одредбата од чл. 84 од ЗПП, на истата ќе и биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити нејзините права и интереси.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, П. бр. 283/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е во тек парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Војо Белчевски од Куманово, против тужената Славица Белчевска, родена Божиновска од Куманово, ул. „Милан Лисица" бр. 25. Вредност на спорот 2.000 динари.

На тужената Славица Белчевска, родена Божиновска од Куманово ѝ се одредува за привремен застапник Јулијана Наумова, стручен соработник при овој суд, која ќе ја застапува тужителката сè додека истата не се јави пред судот или не одреди свој полномошник.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 1309/89.

---

Пред Општинскиот суд во Куманово е поведена парнична постапка за враќање на предмети по тужбата на тужителката Зејнепе Бекири од Приштина, ул. „Ибарска" бр. 30, против тужениот Рагими Рамадани од с. Черкезе. Вредност на спорот 5.000.000 динари.

На тужениот Рагими Рамадани од с. Черкезе му се поставува за привремен застапник Љубомир Ѓорѓевиќ, стручен соработник при Општинскиот суд во Куманово кој ќе го застапува сè до правосилното окончување на предметот сè додека тужениот Рагими Рамадани не се јави пред судот.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 105/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за исполнување на договор за купопродажба по тужбата на тужителот Каранфиловски Јовче од Тетово, против тужената Анѓелковиќ Анча од Тетово, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи ќе ѝ постави привремен застапник кој ќе ја застапува во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1725/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за неосновано збогатување по тужбата на тужителот Абдулџелил Хамзаи од с. Шипковица, против тужениот Адем Мехмети од с. Шипковица — Тетовско, сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот 59.929.800 динари.

Се повикува тужениот Адем Мехмети да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово или во истиот рок да одреди свој полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа во Тетово, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1302/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Блажевски Софроније од с. Јегуновце, против тужениот Кочовски Иљо Мио од с. Јегуновце, сега со непозната адреса во САД и др. Вредност на спорот 5.000.000 динари.

Се повикува тужениот Кочовски Иљов Мио од с. Јегуновце да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да ја достави својата адреса или, пак, постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот по службена должност ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1846/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово, се води спор за штета по тужбата на тужителот Мурати Метуш од с. Одри — Тетовско, против тужениот Сулејмани Узаир од с. Нераште и др.

Се повикува тужениот Сулејмани Узаир од с. Нераште, сега со непозната адреса во Германија, да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово или да одреди свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово, кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1869/89.

---

Се повикува лицето Салиу Муртезан Ејуп од Тетово да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ во Општинскиот суд во Тетово или секој друг кој знае за неговиот живот.

Доколку не се јави никој, судот ќе ја утврди смртта на лицето Салиу Муртезан Ејуп.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 622/89.

---

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот тркалезен печат под назив: „Есперантски јазик на Македонија“, Скопје се огласува за неважен.

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Работна книшка на име Зорица Ѓурич, Прилеп

Работна книшка на име Сузана Боризовска, Куманово. (5632)

Воена книшка на име Ваид Шабани, с. Палатица, Тетово. (5634)

Работна книшка на име Зофиќер Бајрамов, Штип.

Работна книшка на име Ибадет Бајрамова, Штип.

Свидетелство од I година, издадено од УСО „Моша Пијаде“, Крива Паланка на име Вучевска Снежана, ул. „Херој Карпош“ бр. 164, Крива Паланка.

Работна книшка на име Парпарим Истрефи, с. Велешта, Струга. (5647)

Работна книшка на име Тодор Аризановиќ, Виница. (5658)

Работна книшка на име Александар Глигоров, Виница. (5659)

Чековна карта бр. 15 50168 578, издадена од Југобанка — Основна банка Скопје на име Надежда Топалоска, Скопје. (5663)

Работна книшка на име Ташко Михајлов, Штип.

Работна книшка на име Гоце Јовановски, Куманово. (5688)

Одобрение за столар, издадено од Собрание на општина Гостивар на име Неџати Џафери, Гостивар.

Работна книшка на име Флорим Салији, Гостивар. (5729)

Работна книшка на име Борче Ристов, Виница.

Работна книшка на име Јакимовски Миле, ул. „Ристо Најдов“ бр. 9, Титов Велес. (5757)

Работна книшка на име Ќерим Салиу, Гостивар.

Работна книшка на име Светлана Тасева, Радовиш. (5773)

Работна книшка, издадена од СО — Кичево на име Симиќ Перо, с. Русјаци, Македонски Брод. (5779)

Работна книшка на име Таир Усеинова, Титов Велес. (5782)

Воена книшка на име Невзат Беџети, ул. „Б. Кидрич“ бр. 88, Тетово. (5785)

Воена книшка, издадена во Куманово на име Мемет Бајрами, с. Глажња, Куманово. (5796)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадедо од Работнички универзитет — Делчево на име Мирјана Цекова, с. Вирче, Делчево. (5814)

Воена книшка АЖ бр. 04636, издадена од СНО — Делчево на име Монев Станимир Гоце, Бул. „Македонија“ бб, Делчево. (5815)

Одобрение УП. бр. 12-6869 за вршење вулканизерска дејност, издадено од СО — Центар — Скопје на име Исмет Мусли, Скопје. (5819)

Работна книшка на име Реџеп Асановски, Куманово. (5826)

Воена книшка на име Зулбеар Селими, с. Франгово, Струга. (5828)

Работна книшка на име Невзат Меди, Тетово.

Воена книшка на име Насуф Јусуфи, с. Глоѓи, Тетово. (5832)

Решение УП. бр. 11-2130 од 11. VI. 1987 година за обавување слаткарска дејност, издадено од СО — Чаир — Скопје на име Меџит Мемеди, Скопје.

Воена книшка на име Синиша Станковиќ, ул. „Н. Револуција" бр. 20, Куманово.

---

Врз основа на Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ" број 15/83), Општественото претпријатие „Алкалоид" — Скопје

распишува

**КОНКУРС**
**ЗА ПОДОБНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧ ЗАРАДИ ОТСТАПУВАЊЕ РАБОТА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ**

I

1. Предмет на конкурсот е утврдување на подобност на изведувачки претпријатија за отстапување на изведба:

Инвестиционен објект — оптимализација, проширување на асортиманот во неорганско одделение — ПРЕ „Хемикалии"

2. Местото на изведување на објектот е Скопје, постоечки погон на „Алкалоид" — индустриска зона Запад;

3. Предмет на отстапување се следните работи:

— градежни, градежно-занаетчиски и инсталатерски работи со ориентациона вредност 18.500.000 динари;

— изработка и монтажа на опрема со термо-технички инсталации со ориентациона вредност 27.000.000 динари;

4. Ориентационен почеток на изведба на работите е 10. III. 1990 година;

5. Рок за поднесување на понуди за подобност е 19. I. 1990 година.

II

1. Заинтересираните претпријатија треба да поднесат писмена пријава за учество на конкурсот;

2. Пријавата мора да содржи:

— назив на претпријатието, адреса и основна дејност;

— препис од регистрацијата во Стопански суд;

— доказ за финансиската состојба од СОК;

— образец, биланс на успехот за 1988 и 1989 година;

— податоци за стручни кадри и механизација што ќе бидат ангажирани при изградбата на објектот;

— список на кооперанти кои ќе учествуваат во изведбата;

— референт листа на досега изведени објекти;

— гарантен рок и начин на гарантирање;

— фактор за дополнителни работи и непредвидени работи;

— изјава за прифаќање на изведување вишок на количини по единечни цени од понудата;

— изјава дека навремено ќе ги преземе сите потребни мерки за набавка на материјали и недостигот на материјали нема да биде причина за продолжување на рокот;

— изјава дека за гарантниот рок ќе му се издаде на инвеститорот бланко меница за отстранување на недостатоците на објектот во гарантниот рок.

III

Пријавите што нема да ги содржат податоците од конкурсот и кои навремено нема да бидат поднесени, нема да се земат во разгледување.

IV

По разгледувањето на податоците од поднесените пријави од страна на понудувачите, инвеститорот ќе достави дефинитивна листа на понудувачи што ќе ги оцени за подобни и ќе ги извести понудувачите за изборот во рок од 10 дена.

V

Понудите да се доставуваат на адреса: ОП „Алкалоид" РЕ „Инженеринг" бул. „Едвард Кардељ" бр. 12 Скопје (со ознака: до Комисијата).

---

**ТАРИФА**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ"**

**1. — СУДСКИ ОГЛАСИ: Бракоразводни парници, оставински расправи, повикување на наследници со непознато место на живеење и сл. — 900.000 динари;**

**2. — Јавни наддавања и конкурси — 45.000 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;**

**3. — Запишување во судскиот регистар на организациите на здружен труд — 360.000 динари за еден ред чукан на машина;**

**4. — Ликвидации и санации на работните организации — 45.000 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;**

**5. — Огласување на неважни: печати и штембили — 45.000 динари од збор;**

**6. — Огласување за неважни: тековни книшки, полиси, гарантни и кредитни писма, сервисни книшки — 450.000 динари;**

**7. — Меници, барирани чекови — 900.000 динари;**

**8. — МАЛИ ОГЛАСИ: објавување за неважни: работни книшки, ученички книшки, свидетелства, воени книшки, ловечки исправи, оружен лист и други лични документи — 300.000 динари;**

**9. — Објавување акти на самоуправните интересни заедници и на работните организации — 6.500.000 динари од една страница;**

**10. — Регистрации на занаетчиски дуќани и работилници и престанок со работа на занаетчиските дуќани — 150.000 динари.**

**За да се објави оглас од точка 1, 5, 6, 7, 8 и 10 во „Службен весник на СРМ" парите треба да се испраќаат однапред на жиро сметка 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство — Скопје, а за другите видови огласи плаќањето ќе се врши по доставување на сметка во законски рок.**

**Оваа тарифа влегува во сила веднаш, ќе се применува од 1. I. 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".**

---

ОБЈАВА

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заеднички основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ" бр. 18/87 и 25/89), Координациониот одбор

ОБЈАВУВА

планирани елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход за декември 1989 година и периодот јануари—декември 1989 година

1. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средствата за непосредна заедничка потрошувачка, за декември 1989 година изнесува 22.502.000 динари.

2. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средствата за заедничка потрошувачка, за периодот јануари—декември 1989 година изнесува 5.623.400 динари.

3. Средствата за непосредна заедничка потрошувачка по работник за 1989 година изнесуваат 3.000.000 динари.

Со оваа точка соодветно се менува точката 3 од Објавата на Координациониот одбор објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 35/89.

Координационен одбор
Претседавач,
**Софија Тодорова,** с. р.

## СОДРЖИНА


800. Закон за експропријација — — — — 793
801. Закон за системот на општественото планирање и за Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија — — 798
802. Закон за пренос на паричните средства на општествено-политичките заедници во депозит кај деловните банки — — — 800
803. Измени на Републичкиот буџет за 1989 година — — — — — — — — 801
804. Закон за изменување на Законот за самостојно вршење на дејност со личен труд 802
805. Закон за изменување на Законот за промет на стоки и услугите во прометот на стоки — — — — — — — — 802
806. Закон за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност — — 802
807. Закон за изменување на Законот за општонародна одбрана — — — — — 803
808. Закон за изменување на Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадните материјали што се користат како секундарни суровини — — — 803
809. Закон за изменување на Законот за пазаришната инспекција — — — — — 804
810. Закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси — — — 804
811. Закон за укинување на Заводот за геодетски и фотограметриски работи — — 809
812. Закон за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните — — 809
813. Закон за изменување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги — — — — — — — — — 810
814. Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните — — 810
815. Одлука за привремено финансирање на функциите на Социјалистичка Република Македонија во 1990 година — — — 811
816. Одлука за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — 812
817. Одлука за избор на претседател на Уставниот суд на Македонија — — — 813
818. Одлука за именување на генерален директор на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 813
819. Одлука за избор на постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола — — — — — — — — — 813
820. Одлука за именување вицегувернер во Народната банка на Македонија — — — 813
821. Одлука за именување генерален директор на Радиотелевизија — Скопје — — — 813
822. Одлука за разрешување од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола — — — — — 813
823. Одлука за разрешување од должност претседател на Стопанскиот суд на Македонија 814
824. Одлука за именување на јавен обвинител на Македонија — — — — — — — 814
825. Одлука за избор на претседател на Стопанскиот суд на Македонија — — — 814
826. Одлука за избор на судија на Врховниот суд на Македонија — — — — — — 814
827. Одлука за избор на судија на Окружниот суд — Скопје — — — — — — — 814
828. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје — — — — — — — 814
829. Одлука за именување членови на конкурсната комисија за именување директор на Републичкиот завод за здравствена заштита — — — — — — — — — 815
830. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот факултет во Скопје — — — — — — — — — 815
831. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје — — — — — — — — — 815
832. Одлука за именување членови на конкурсната комисија за именување директор на ООЗТ РЕК „Битола — Суводол“ — Битола 815
833. Одлука за гаранција по кредитот од VII-от заем за железници — — — — — 816
834. Одлука за престанок на привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема ООЗТ РЕК „Битола — Суводол“ — Битола во состав на РО „Електростопанство на Македонија“ — Скопје — — — — — — — — — 816
835. Програма за спроведување на задолжителна имунизација на населението во СР Македонија против определени заразни болести во 1990 година — — — — — 816
836. Решение бр. 13-1149/1 — — — — — 818

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

373. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките на придонесот за заштита од градобијност 819
374. Одлука за утврдување на стапките на придонесот за заштита од градобијност — — 819
375. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите од личниот доход на работните луѓе што се плаќа во корист на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Гостивар — — — 819
376. Одлука за престанок на основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Свети Николе — — — — 820
377. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1990 година 820
378. Одлука за престанок на основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Штип — — — — — 820
379. Одлука за престанок на работата на општинската самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Штип — — — — — — 821


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**